МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## 2026 – 2028

*Почитувани,*

*Засилено темпо на работа и јасен фокус кон јакнење на темелите на националниот образовен систем, предвидува новиот Стратешки план на Министерството за образование и наука за периодот 2026-2028 година, со кој ќе им помогнеме на образовните установи да продолжат да го подобруваат квалитетот на знаењето и вештините што ги испорачуваат кон новите генерации и идни предводници на државата.*

*Конструиран низ инклузивен пристап, Стратешкиот план има изразен визионерски карактер. Дефинираните мерки и активности овозможуваат прилагодување на образовниот систем не само на сегашноста, туку и на времето кое доаѓа. Глобалните образовни трендови се наш императив, а нивното следење е полесно со континуиран раст на буџетот кој Владата го одвојува за оваа намена.*

*Документот е во корелација со целите од Планот за раст на земјите од Западен Балкан, чие исполнување за нашата држава ќе значи зајакнување на релациите со Европската унија, зголемена доверба и уште поголема поддршка од европското семејство.*

*Изразувам благодарност до сите кои придонесоа во креирањето на Стратешкиот план и однапред се заблагодарувам на сите што ќе учествуваат во неговата имплементација. Образованието и науката се општествена одговорност и само со заеднички сили, кои токму овој документ ги обединува и синхронизира, можеме да одиме напред.*

**Бр. 01-16397/1** — ***МИНИСТЕРКА*,**

**26.12.2025г.** — **проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**

**Скопје**

## 1.1 ВОВЕД

Со Стратешкиот план на Министерството за образование и наука за 2026-2028 година, предвидено е да се имплементираат вкупно 6 програми и 16 потпрограми, кои подеднакво се посветени на подобрување на квалитетот на наставата во основното и средното образование, унапредување на образовната инфраструктура, реформа на системот на финансирање преку блок дотации, оптимизација на училишната мрежа, следење на квалитетот на образованието преку редовни надзори и интегрална евалуација, обезбедување квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики, забрзан економски развој преку инвестиции во науката и иновациите, како и поддршка на можностите на образование на возрасните и доживотно учење и на системот на неформално и информално образование и учење.

За секоја од предвидените програми и потпрограми, кои пак, иницираат мерки, проекти и активности, овој стратешки план ги дефинира финансиските извори за имплементација, како и очекуваните резултати од финалната реализација.

Стратешкиот план на Министерството за образование и наука 2026-2028 е изготвен во согласност со Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.124/08, 58/18 и 223/19), Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија" бр.131/18), Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 -2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 177/24), Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024 – 2028 година, Националната развојна стратегија, Предлог стратегијата за образование 2026-2032, Стратегијата за развој на човечки капитал, Реформската агенда 2024-2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, Концепцијата за основно образование од 2021 година, како и соодветните измени и дополнувања од 2024 година, Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика, Национална стратегија за млади 2023-2027, Целите за одржлив развој на Обединетите нации 2030, Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НППА), стратешките документи и препораки донесени од страна на Европската комисија кои се однесуваат на образованието и дигитализацијата како: „Обликување на дигиталната иднина на Европа" (Shaping Europe's digital future), „Дигиталниот образовен акциски план 2021-2027" (Digital Education Action Plan 2021 – 2027), Стратешката рамка за соработка во областа на образовнието и обуката кон Европската област за образование 2021 -2030 (Strategic framework for European cooperation in education and training towards the European Education Area and beyond (2021-2030) 2021/C 66/01), Програмата за економски реформи, Извештајот на Европската Комисија за напредокот на нашата земја во европските интеграции, Патоказот за регионална соработка на шесте земји од Западен Балкан (WB Common Regional Market Action Plan 2025-2028), Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026, Декларацијата од Оснабрик за стручно образование и обука како клучен фактор за закрепнување и транзиција кон дигитална и зелена

економија (Osnabrück Declaration 2020), Прегледот на ОЕЦД за евалуацијата и оценувањето во образованието во Република Северна Македонија, сеопфатната анализа на образовниот систем во земјата спроведена од Институтот за образовни политики на УНЕСКО и други стратешки документи и анализи

## 1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

### 1.2.1. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ И АНАЛИЗИ ЗА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

Образовниот систем на Република Северна Македонија се состои од предучилишно, основно (6-14 години), средно (15-17/18 години) и високо образование. Основното образование трае девет години и е задолжително и бесплатно за сите ученици (на возраст 6-14 години). Со почетокот на учебната 2024/2025 опфатени се 181.462 ученици (87.782 ученички), од кои 460 ученици (176 ученички) учат во училишта со ресурсен центар (за ученици со попреченост). 375 лица (од кои 133 жени) стекнуваат основно образование за возрасни во училиштето за возрасни. Споредено со учебната 2023/2024 година, вкупниот број на ученици бележи намалување од 0.8%. Бројот на ученици во училишта со ресурсен центар е намален за 14%, (како резултат на политики за инклузивно образование). Вкупниот број на наставници во основното образование на почетокот на учебната 2024/2025 година изнесува 19.707 (од кои 14.169 жени).

Средното образование, исто така е задолжително и бесплатно. Средното стручно образование може да биде со двегодишно, тригодишно и четиригодишно траење. Учениците кои завршуваат четиригодишно стручно образование, можат да бираат меѓу завршен испит и државна матура, зависно од тоа дали сакаат да го продолжат образованието или не, додека учениците од гимназиите задолжително полагаат државна или училишна матура. Со почетокот на учебната 2024/2025 опфатени се 67.540 ученици (33.030 ученички), од кои 265 ученици (72 ученички) учат во училишта со ресурсен центар (за ученици со попреченост). Вкупниот број на наставен кадар изнесува 7.198 (од кои 4.663 жени). Споредено со учебната 2023/2024 година, вкупниот број на ученици бележи намалување од 0.2%, а бројот на ученици во училишта со ресурсен центар е зголемен за 7%.

Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24) на Програма А-децентрализација, Потпрограма А2 -пренесување на надлежности на единиците на локалната самоуправа, утврден е вкупен износ за блок дотации за основно и средно образование 23.952.090.000 денари.. Во пракса, износот на блок дотациите што ги добива секоја општина се утврдува врз основа на износот одобрен за плати од претходната година и договореното зголемување на платите. Бројот на ученици, густината на населението и сл. се користат како параметри за распределба само на оној дел од блок дотациите што ќе остане по одбивање на расходите за платите. Фокусот на постојниот систем на распределба на блок дотациите за покривање на трошоците за плати резултира со недостаток на финансиски средства за

исполнување на законски пропишаните образовни и инфраструктурни стандарди неопходни за подигнување на квалитетот на наставата и подобрување на образовните резултати на учениците.

Високото учество на платите (во некои општини и над 95%) се должи на неоптимизирана мрежа на училишта, односно неприлагоденост на бројот на училишта, паралелки и вработени на трендот на намалување на бројот на ученици. Населението во земјата е значително намалено, од 2,02 на 1,83 милиони (-9,1%) во периодот помеѓу 2002-2021 година. Падот се должи на широко распространетата емиграција и падот на стапката на плодност. Помеѓу 2002 и 2021 година, населението на училишна возраст е намалено за 31%, од 585.980 ученици (на возраст од 3-21 година) на 403.627, со просечно годишно намалување од 1,94%. Ова бара прилагодување на капацитетите на училишниот систем да се справат со сè помалиот број ученици на кои им треба школување. Тоа резултира со преполнетост на некои училишта, и недоволна искористеност на други училишта, каде што понекогаш има повеќе наставен кадар отколку ученици. Училиштата со различна кадровска екипираност, опременост и одржување на објектите резултираат со различен квалитет на образование, односно, постои неефикасна и неправична распределба на ресурсите меѓу училиштата.

Од тие причини развиена е нова формула/ модел за финансирање на основните и средните училишта/дотации за општините и истата е усвоена на 97-та седница на Владата, одржана на 29.7.2025г. а ќе се применува од 2026 година (утврдена и во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25)

Високото образование се реализира на три нивоа: додипломски, магистерски и докторски студии. Според податоците на Државниот завод за статистика, во академската 2024/2025 година се запишани вкупно 53.535 студенти, што претставува зголемување за 2.3% во однос на академската 2023/2024 година. Бројот на запишани студентки изнесува 31.734 или 59.3% од вкупниот број на студенти. Најголем број студенти (76.8%) се запишани на државните високообразовни установи, додека 23.2% се запишани на приватните високообразовни установи. Бројот на наставници и соработници во високообразовните установи во академската 2024/2025 година изнесува 4.832. Од вкупниот број наставници и соработници, 3.325 или 68.8% се наставници а 1.507, т.е. 31.2% се соработници во наставата. Бројот на наставнички и соработнички во академската 2024/2025 година изнесува 2.528 или 52.3 %.

На додипломски студии на високите стручни школи и на факултетите, во 2024 година, дипломирале 7.021 студент (од нив дипломирани студентки се 59.4%.), што претставува намалување за 5.4 % во споредба со 2023 година.Од вкупниот број студенти, 35 % дипломирале во рокот, а 65 % по рокот.

Во 2024 година, звањето магистер на науки и специјалист го стекнале вкупно 1.846 лица од кои 1.550 или 84 % се магистри и 296 или 16 % се специјалисти. Бројот на магистри и специјалисти, во споредба со 2023 година е зголеме за 0.9%. Учеството на жените магистри во вкупниот број на лица кои стекнале научен степен магистер на науки, во 2024 година е 61.6 %. Најголем број од магистерските трудови, 644 или 41.5 %, се од областа на бизнисот, администрацијата и правото, 19.8 % се од областа на инженерството, производството и градежништвото, по што следат општествените науки со 12.6 %, а останатиот дел од областите се со помал процент на застапеност.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2024 година, звањето доктор на науки го стекнале 215 лица, што претставува зголемување за 23.6 % во споредба со 2023 година. Бројот на жените што одбраниле докторска дисертација во текот на 2024 година изнесува 106, што претставува 49.3 % од вкупниот број лица. Најголем број од лицата, 22.4 %, докторирале во областите здравство и социјална заштита, потоа 16.7 % уметност и хуманистички науки, следат бизнис, администрација и право со 14.4%, општествени науки, новинарство и информирање со 11.6 %, а останатите области се со помал процент на застапеност.

Имајќи ги предвид демографските податоци и стареењето на населението, односно како што младата возрасна група се намалува, значењето и уделот на повозрасното население во развојот на државата ќе расте. Постоењето систем за образование на возрасни овозможува подигнување на квалитетот на образованието на возрасните во делот на формалното и неформалното образование, а со цел задоволување на потребите на пазарот на трудот преку обезбедување на кадар со потребните компетенции и вештини. Центарот за образование на возрасните верификува посебни програми кои водат до вештини. Возрасните учесници, преку посебни програми, за период од неколку месеци се стекнуваат со одредена квалификација или дел од квалификација и со тоа да станат конкурентни на пазарот на трудот. По завршување на обуката, тие се здобиват со државно признат сертификат за завршена обука, кој гарантира одредена стручност на учесниците. Искуството на Центарот за образование на возрасни покажа дека постои голема заинтересираност меѓу понудувачите на услуги за верификување на посебните програми за образование на возрасните кои водат до квалификација или дел од квалификација и до сега се верификувани 698 програми. Како најзастапени се јавуваат програмите за комјутерски вештини, странски јазици, менаџерски и претприемачки вештини. Од започнувањето со верификација на програми за образование на возрасни до сега реализирани се преку 947 обуки, кои ги успешно ги завршиле 10142 учесници. Најчесто лицата кои се вклучуваат во ваков вид на обуки најзаинтересирани се за обуките кои се од струките лични услуги, економска струка, угостителско – туристичка струка, медицинска струка. Со вклучувањето на верификуваните програми во реализација на мерката Обука за побарувани занимања, која е дел од Оперативниот план за активни мерки и програми интересот за програмите се прошири во сите струки. Трендот на зголемен интерес за верификација на посебни програми кои опфаќаат квалификации што водат до зелени работни места продолжува, со што се зголемува и бројот на обучени лица кои ги посетуваат овие обуки.

Во месец ноември 2022г. донесена е Концепцијата за средно образование на возрасни. Концепцијата ги поставува постулатите за развој на средното образование на возрасните во наредните 10 и повеќе години. Фокусот е ставен на мерки и активности што ќе овозможат возрасните лица активно да се приспособуваат на промените во општеството, кои ќе овозможат личен развој и инклузивно и кохезивно општество што учи и се развива.

### 1.2.2 ПЕСТ АНАЛИЗА (АНАЛИЗА НА ПОЛИТИЧКИ, ЕКОНОМСКИ, СОЦИЈАЛЕН И ТЕХНОЛОШКИ ПЛАН):

Анализата на политички, економски, социјален и технолошки план (ПЕСТ анализа) е корисен метод кој ни овозможува да го согледаме влијанието на надворешните фактори врз работењето на Министерството за образование и наука.

Оттука од аспект на политичките фактори кои имаат влијание врз функционирањето на Министерството за образование и наука како најважни се:

- стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија
- заклучоците кои произлегуваат од седниците на Владата кои треба да ги спроведе Министерството за образование и наука, во согласност со своите надлежности
- пристапниот процес во ЕУ

Поважни економски фактори  кои имаат влијание врз функционирањето на Министерството за образование и наука се:
- обезбедени финансиски средства во рамки на Буџетот на Република Северна Македонија
- економската стабилност
- пристап до меѓународни програми и фондови (пр. Хоризонт Европа, Еразмус +, Европски корпус на солидарност, Еурека, ИПА фондови...)
- можности за обезбедување на средства од донори за спроведување на одредени проектни активности

Поважни социјални фактори  кои имаат влијание врз функционирањето на Министерството за образование и наука се:
- демографските податоци (населението на училишна возраст е намалено за 31%, од 585.980 ученици (на возраст од 3-21 година) на 403.627, со просечно годишно намалување од 1,94%.)

Технолошки фактор кој има влијание врз функционирањето на Министерството за образование и наука е:
- напредокот на дигиталните технологии

## 1.2.4 SWOT АНАЛИЗА:

SWOT (Strenghts, Weaknesses, Opportunities and Threats) или анализа на предностите, слабите страни, можностите и опасностите (закани) е корисен метод кој ни овозможува да го согледаме влијанието на внатрешните фактори  врз работењето на Министерството за образование и наука.

Предности на Министерството за образование и наука се:
- соодветна правна рамка (законски и подзаконски акти) усогласени со ЕУ регулативата
- изработена предлог Стратегија за образованието 2026-2032 г. и голем број на стратешки документи и концепции
- изработена сеопфатна анализа на образовниот систем во 2023 од страна на Институтот за образовни политики на Унеско
- соодветно едуциран кадар
- посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски

Слаби страни на Министерството за образование и наука, кои се нотирани и со спроведената функционална анализа се:
- недостаток на човечки ресурси во одредени сектори

- непополнети раководни позиции (раководител на сектор и одделенија) што предизвикува неможност за делегирање на овластувања и одговорности за одредени функции во внатрешното работење на Министерството.
- нема централизирана архива во Министерството. Не постои електронска архива, ниту електронска достава на документи (ДМС не се употребува во целост).

Можности за подобрување на постојната состојба на Министерството за образование и наука се:
- соодветна распределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани, преквалификација на вработени, и/или трансфери на вработени во соодветни сектори каде би можеле да дадат поголем придонес.
- Надградба на знаењето и стручно усовршување на вработените преку генерички обуки и специјализирани обуки потребни за развој на технички знаења и компетенции за вработените.

Опасности (закани) за редовното фукционирање на Министерството за образование и наука се:
- одлив на вработени кадри од министерството по основ на пензионирање или заминување на ново работно место и ненавремено пополнување на работните места со нови луѓе кои ќе го преземат знаењето и искуството

| | |
|---|---|
| ПРЕДНОСТИ:<br>- соодветна правна рамка (законски и подзаконски акти) усогласени со ЕУ регулативата<br>- изработена предлог Стратегија за образованието 2026-2032 г. и голем број на стратешки документи и концепции<br>- изработена сеопфатна анализа на образовниот систем во 2023 од страна на Институтот за образовни политики на Унеско<br>- соодветно едуциран кадар<br>- посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски | СЛАБИ СТРАНИ:<br>- недостаток на човечки ресурси во одредени сектори<br>- непополнети раководни позиции (раководител на сектор и одделенија) што предизвикува неможност за делегирање на овластувања и одговорности за одредени функции во внатрешното работење на Министерството.<br>- нема централизирана архива во Министерството. Не постои електронска архива, ниту електронска достава на документи (ДМС не се употребува во целост). |
| МОЖНОСТИ:<br>- соодветна распределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани, преквалификација на вработени, и/или трансфери на вработени во соодветни сектори каде би можеле да дадат поголем придонес.<br>- Надградба на знаењето и стручно усовршување на вработнеите преку генерички обуки, и специјализирани обуки потребни за развој на технички знаења и компетенции за вработените. | ОПАСНОСТИ (ЗАКАНИ):<br>- одлив на вработени кадри од министерството по основ на пензионирање или заминување на ново работно место и ненавремено пополнување на работните места со нови луѓе кои ќе го преземат знаењето и искуството |

| | |
|---|---|
| | |

## 1.2.4 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ, ПОТПРОГРАМИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ВО 2024 ГОДИНА:

**ПРОГРАМА 1: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**ПОТПРОГРАМА 1: Зголемување на постигањата на учениците во основното образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- На предлог на МОН, од страна на Владата донесен е заклучок за одложена примена на Концепцијата за основно образование, за седмо, осмо и деветто одделение со цел спроведување на јавна расправа. Во месец ноември врз основа на јавната расправа спроведена о текот на месеците јули-октомври, донесено е Решение за изменување и дополнување на Концепцијата со бр.12-5706/4 од 6.11.2024 (особено во делот на интеграција на предметите по природните науки и историја и општество).
- Завршена е јавната расправа за новите наставни програми за седмо, осмо и деветто одделение врз основа на што дел од наставните програми се изменети и донесени се нови програми со сукцесивна примена од учебната 2025/2026 година.
- Порталот Едуино континуирано се надградуваше со нови видео содржини.
- Набавена е информатичка технологија и мрежна инфраструктура за 35 основни училишта (финансирани со заем од Светска банка), и завршена е инсталацијата во сите училишта, а објавена е постапка за уште 20 основни училишта.
- Изработена е мобилна верзија за е-дневникот (за андроид и ајфон корисници).
- Завршена е доградба на училишен објект во с.Долно Јаболчиште, Чашка, доградба на училишен објект во ООУ Св. Кирил и Методиј во с.Кучевиште, Чучер Сандево и доградба на училишен објект во ООУ Санде Штерјоски, Кичево а во тек е изградба/доградба на уште 4 (четири) училишни објекти
- Завршена е изградба на една училишна спортска сала во ООУ Нури Мазари – с. Делгожди, Струга, во тек е изградба на две училипни спортски сали во ОУ „Зини Хани", с.Велешта, Струга и ОУ „Рилиндија", с.Лијане, Липково. Објавени се ЈН за изградба и надзор за две нови сали, во ОУ „Годе Делчев" Аеродром и ОУ „Кирил Пејчиновиќ" Кисела Вода.
- Завршена е реконструкција на 74 училишта, а во тек е реконструкција на уште 10 училишта.
- Во месец јуни 2024, се спроведе државното тестирање за учениците во петто одделение за математика и мајчин јазик (македонски и албански јазик). Извештајот со резултатите ќе биде изготвен до крај на 2025 година.
- На 4 декември 2024г, објавени се резултатите од Извештајот ТИМС 2023. Во математичка писменост од 58 држави, нашите ученици се на 44 место. Во природни науки сме три места подолу, односно на 47 место.
- Подготвен е нов предлог Закон за учебници во основното и средното образование, кој на 30.10.2024 е поставен на владиниот ЕНЕР систем (Електронски национален регистер на прописи) и веб страната на МОН со цел сите заинтересирани граѓани да дадат свои коментари и

забелешки. Законот за учебници во основно и средно образование е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024. Законот е усвоен на 28-та седница на Собранието, одржана на 27.12.2024г.

- Започнати се активностите на терен за изработка на Физибилити студија за транзиција кон едносменско работење на основните училишта.

**ПОТПРОГРАМА 2: Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- За учебната 2024/2025 обезбедени се согласности за ангажирање на 1000 образовни асистенти (200 повеќе од минатата учебна година), за што се обезбедени дополнителни средства со ребалансот на Буџетот.
- Формирани се инклузивни тимови и изготвени се ИОП/модифицирана програма, согласно потребите на ученикот
- За учебната 2024/2025 година ангажирани се 47 медијатори за ученици Роми
- Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со кој се доуредува постапката за проверка на знаењето на учениците со надмината возраст со цел нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024.
- Со законските измени се забранува физичкото одделување и сегрегацијата на ученици по секој основ
- Со измените на Законот се уредува дека по исклучок, за ученици припадници на бошњачка, турска, српска, ромска и влашка заедница, може да се формира и група помала од 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки, заради изучување на јазикот и културата на заедницата.
- На 30.10.2024 на својата веб страна МОН го објави Јавниот повик за доделување на грантови за основните и јавните средни училишта, кои придонесуваат за равој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата. Активностите кои ќе бидат поддржани со грант, може да се реализираат самостојно во училишта во кое наставата се одржува на повеќе наставни јазици, или во партнерство со друго училиште.
- На 22.11.2024г. во рамки на ПЕИП проектот објавен е оглас за ангажирање на консултант за подобрување на образованието во здравствени установи и процесот на реинтеграција на учениците во училиштата.
- Училиштата спроведува активности согласно насоките и материјалите од БРО објавени на нивната веб стран и доставени до сите училишта (насоки за постапување за учебната 2024/2025 за унапредување на менталното здравје, спречување и заштита од насилство, булинг.., вклучително организирање на работилници, активности и сл.). Истите се планирани и во Годишната прграма за работа на училиштата.
- Спроведен е Јавниот повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар во текот на 2024 година од обласата на математиката, информатиката и природните науки. Исплатени се 3 здруженија на наставници во вкупен износ од 649.485 денари (за натпревари по математика, физика и информатика)

- Целосно е реализирана исплатата на парични награди за ученици (и нивните ментори) од основно образование кои освоиле прво место на државен ученички натпревар. За освоено прво место на државни натпревари исплатени се 52 ученици и 52 наставници во вкупен износ од 1.042.024 денари.
- Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на наставникот и менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот. Доделени се награди за едно прво место (за математика) и пет трети места (за математика и информатика) на меѓународни натпревари и исплатени се вкупно 6 ученици, 5 наставници и 6 ментори во вкупен износ од 454.700 денари.
- На 5.6.2024г. на веб страната на МОН објавена е листа на акредитирани здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта (14 здруженија).

**ПОТПРОГРАМА 3: Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2024 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.19/2024 од 26.1.2024г.)
- Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници за 2024 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.19/2024 од 26.1.2024г.)
- Врз основа на TEACH алатката (алатка за следење на квалитетот на наставата во основното образование) од страна на БРО развиени се адаптирани инструменти за континуирана поддршка на наставниците од страна на советниците на БРО.
- Во месеците јули и август се спроведе третата фаза на обуки на наставници и стручни соработници (8 часа обука) од Каталогот на акредитирни програми, во која беа вклучени 15.985 наставници (од кои 11.971 жени) и 874 стручни соработници (од кои 792 жени). Обуките се реализираа на македонски, албански и турски јазик во времетраење од 8 часа, организирани во еден или два дена.
- Формирана е Работна група за изменувања и дополнувања на Законот за БРО, вклучително и делот за акредитација и реализација на обуки за наставници и стручни соработници.
- Формирана е Работна група со сите релевантни чинители, која работи на измени и дополнувања на Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, вклучително и моделот за кариерен развој.

**ПОТПРОГРАМА 4: Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Програмата за основна обука на директори континуирано и тековно се спроведуваше во 2024.
- Во 2024г се спроведуваа редовно и напредните обуки за директори.

- Изработени и усвоени се извештаите за самоевалуација и новите развојни програми (усогласени со новата рамка и индикаторите за обезбедување на квалитет) од страна на 11 пилот училишта, кои се вклучени во пилотирањето на грант програмата.
- Доделени се грантови за финансирање активности од развојните програми на јавните основни училишта (врз основа на спроведена самоевалуација и изготвена развојна програма) на 20 нови училишта
- Во месец март започнаа регионалните обуки на претставници од сите училишта за ревидираните индикатори за квлаитет, за новите методи на самоевалуација (новиот водич) и развојмо планирање. Обучувачи се инспекторите од ДПИ и претставнци на 11-те пилот училишта.
- Од страна на ДПИ подготвени се измени на Правилникот за инспекциски надзор, во кој се вклучени новите индикатори за следење на основните училишта (усогласени со системот на самоевалуација и развојно планирање).

<u>ОЦЕНКА:</u> Во рамки на Програмата - Квалитетно и инклузивно основно образование, планираните активности се одвиваа согласно утврдената динамика, со што истата во голема мера придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 2: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Подготвен е нов предлог Закон за средното образование, кој на 13.9.2024 е поставен на владиниот ЕНЕР систем (Електронски национален регистер на прописи) и веб страната на МОН со цел сите заинтересирани граѓани да дадат свои коментари и забелешки. Законот е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024 и доставен во собраниска процедура на усвојување. Имајќи предвид дека се добиени голем број на амандмани законот е повлечен од собраниска процедура на 20.12.2024г со цел негово доработување.
- Од страна на БРО спроведено е истражување за реформи во гимназиското образование, врз основа на инструменти за истражување (Прашалник за наставници (на македонски, на албански и на турски јазик) и Прашалник за ученици (на македонски, на албански и на турски јазик). Направена е анализа на искуствата од други држави
- Формирани се работни групи кои работат на анализа и изработка на нови наставни програми.
- Од страна на БРО изработен е предлог документ национална рамка на клучните компетенции за учениците во средното обраование.
- Завршена е реконструкција на шест објекти, а во тек е изградба на еден и реконструкција на две средни училишни објекти
- Од страна на ДИЦ изработен е Националниот извештај ПИСА 2022 со препораки. Од страна на БРО изработени се Насоки за унапредување на наставата и подобрување на резултатите на учениците во согласност со меѓународните стандарди за тестирање, и истите се објавени на веб страната на БРО и доставени до сите училишта. Во периодот 18.11 – 13.12.2024 г. се реализираа семинари за подобрување на резултатите во ПИСА 2025 тестирањето.

- Спроведен е Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата. Доделени се награди на 15 ученика за освоен златен (1), сребрен (2) и бронзен (12) медал.
- Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки во средно образование. Доделени се награди на 13 ученика за освоено прво (4 ученика по математика, информатика и физика), второ (4 ученика, по математика и физика) и трето место (5 ученика по математика, информатика и физика).
- Доделени се награди на 61 ученик и наставник за освоено прво место на државен натпревар.
- Формирани се инклузивни тимови во училиштата и подготвени се индивидуални наставни програми/ модифицирани програми. Образовните асистенти се обезбедени со поддршка од УНД.П. Подготвен е нов предлог Закон за средното образование, во кој се уредени образовните асистенти.
- Во Законот за средно образование ставен е основ за изработка и донесување на Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.
- На 30.10.2024 на својата веб страна МОН го објави Јавниот повик за доделување на грантови за основните и јавните средни училишта, кои придонесуваат за равој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата.
- Во текстот на предлог Законот за средното образование внесена е одредба за ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани и за ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми
- На 11.11.2024г. на веб страната на МОН објавени се резултатите по Конкурсот за доделување на 1200 (илјада и двеста) стипендии во четири категории за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2024/2025 година. (во учебната 2023/2024 бројот на стипендии изнесуваше 920).Вкупно се доделени 934 стипендии. Склучени се договори со сите стипендисти и исплатени се за месеците октомври, ноември и декември 2024г.
- Подготвен е нов предлог Закон за учебници во основното и средното образование, кој на 30.10.2024 е поставен на владиниот ЕНЕР систем и веб страната на МОН со цел сите заинтересирани граѓани да дадат свои коментари и забелешки.Во предлог законот се интегрирани сугестиите на издавачките куќи во Македонија со чии претставници, раководството на МОН и на Педагошката служба имаа конструктивна работна средба. Новиот закон треба да обезбеди изработка на учебници со поквалитетна содржина, намалување на веројатноста за појава на грешки, какви што беа нотирани до неодамна и да ја поедностави постапката за набавка, со цел навремена испорака во училиштата. Законот за учебници во основно и средно образование е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024 и усвоен на 28-та седница на Собранието.Изготвени се предлог подзаконксите акти, кои произлегуваат од Законот.
- Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2024 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.19/2024 од 26.1.2024г.)
- Спроведени се постапки за одобрување на учебници за средно стручно образование од страна на Националната комисија за учебници, како и графичко-техничко уредување на ново одобрените учебници.
- Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници за 2024 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.19/2024 од 26.1.2024г.)

- На 6.2.2024 БРО на својата веб страна и во печатените медиуми објави Јавен оглас за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници) во средните училишта во Република Северна Македонија, на тема „Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата (при следење на учениците, во решавање проблемски ситуации, во истражувачки активности и сл." Обуката е спроведена и обучени се 2000 наставници.
- Формирана е Работна група со сите релевантни чинители, која работи на измени и дополнувања на Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, вклучително и моделот за кариерен развој.
- Резултатите по Конкурсот за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници се објавени на веб страната на МОН на 18.12.2024г. Доделени се вкупно 30 стипендии. Стипендистите се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2024 г.

**ПОТПРОГРАМА 2: Реформа на средното стручно образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Изготвен е нов предлог Закон за стручно образование и обука, кој на 13.9.2024 е објавен за јавна расправа на веб страната на министерството и ЕНЕР системот. Законот е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024 и усвоен на 28-та седница на Собранието.
- Завршена е реконструкцијата на Државно училиште Регионален центар за средно стручно образование и обука „Ванчо Питошески", Охрид а во тек е реконструкција на Регионалниот центар „Моша Пијаде" во Тетово.
- Завршена е дистрибуцијата на ИТ опремата и училишниот мебел за потребите на регионалните центри: РСЦОО Киро Бурназ Куманово и РЦСОО Ванчо Питошевски Охрид.Спроведена и завршена е набавка на земјоделска механизација за потребите на РЦСОО Киро Бурназ – Куманово и набавка на мерни инструменти за потребите на РЦСОО Моша Пијаде.
- На 42-та седница на Владата, одржана на 31.12.2024г. усвоени се одлуки за прогласување на два нови регионални центри (шести и седми) во Битола и Штип (почнувајќи од 1.9.2025г.), согласно спроведената анализа за потребите на пазарот на труд и капацитетите на средните стручни училишта.
- Локалните самоуправи и коморите го спроведоа социјалниот дијалог „Учи паметно, работи стручно" за утврдување на реалните потреби за стручни профили во средните стручни училишта за учебната 2024/2025 година.
- Согласно Конкурсот за упис во учебната 2024/25 година во соработка со општините и компаниите во земјава се обезбедени 7075 слободни места во 283 паралелки во дуалното стручно образование. За споредба во учебната 2023/2024 отворени се 259 дуални паралелки, 2022/2023, 223 дуални паралелки, во учебната 2021/2022 беа отворени 97 а во учебната 2020/2021 имаше 11 паралелки.
- На 26.11.2024г. на веб страната на МОН објавени се резултатите по: Конкурсот за доделување 1500 (илјада и петстотини) стипендии за ученици кои се запишани во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование (ДУАЛНИ ПАРАЛЕЛКИ) за учебната 2024/2025 година, Конкурсот за доделување 220 (двесте и дваесет) стипендии за ученици кои реализираат наставни планови и програми за стручно оспособување и стручно образование од тригодишно траење во јавните и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2024/2025 година и Конкурсот за доделување 300 (триста) стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителство и туризам,

шумарство и обработка на дрво, градежништво и геодезија, земјоделство-рибарство и ветеринарство, машинство и текстил, кожа и слични производи од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2024/2025 година. Стипендиите се исплатени за месеците септември, октомври, ноември и декември 2024г.

- На 4.1.2024г. објавен е Јавен повик за учество на активност за обука и соработка „Студиска посета за одржливост и одржлив развој на училиштата" Клучна акција 1 во училишно / стручно образование Еразмус+ приоритет – зелена агенда.
- На 19.3.2024 објавен е Јавен повик за учество на активност за обука и соработка „Семинар за долгорочни мобилности за учениците" во секторот за училишно образование.
- На 8.10.2024г. објавен е Повик за градење на капацитети на училишта за програмата Еразмус+, обука со работилници, унапредување на вештини од различни региони во Република Северна Македонија со фокус на приоритетите на програмата Еразмус+ и градење на меѓусебна соработка

**ПОТПРОГРАМА 3: Ученички стандард**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Завршена е реконструкцијата на ученичкиот дом Ванчо Питошески во Охрид (во склоп на регионалниот центар за стручно образование и обука), реконструкција на ученичкиот дом ДУД Мирка Гинова Битола и реконструкцијата на ученичкиот дом „Здравко Цветковски" во Скопје.
- Набавена е кујнска опрема за ученичките домови.
- Конкурсите за ученички стипендии за учебната 2024/2025 година се објавени на веб страната на МОН на 1.10.2024 со рок за електронско пријавување до 15.10.2024г. Резултатите за сите стипендии се објавени во текот на месец ноември на веб страната на МОН и учениците се исплатени за месеците септември, октомври, ноември и декември 2024г.

<u>ОЦЕНКА:</u> Во рамки на Програмата - Квалитетно и инклузивно средно образование и ученички стандард, реализирани се најголем дел од активностите планирани со Стратешкиот план, со што истата придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 3: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД**

**ПОТПРОГРАМА 1: Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Во МАНУ одржана е стручна расправа во организација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност за Националната програма за високо образование и Уредба за финансирање на ВОУ, на која ректорите на универзитети ги презентираа постојните модели на финансирање. Беа презентирани модели од приватни универзитети како и моделот подготвен во рамки на SKILLS

проектот од меѓународниот експерт. Формирани се интерни комисии во рамки на Националниот совет кои ќе бидат надополнети и со надворешни членови.
- На 26.9.2024г. во просториите на Земјоделскиот факултет во Скопје, организирана е јавна расправа по однос на предлог Националната програма за високо образование по што даден е рок на сите високо-образовни установи да дадт свои забелешки и коментари. Во текот на месец декември собрани се коментарите од јавната расправа со цел ажурирање на предлог програмата пред нејзино усвојување.
- На 24.12.2024 на веб страната на МОН објавени се Конкурси на Агенцијата за квалитет во високото образование за избор на надворешни експерти и студенти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми во Македонија, со рок на пријавување до 13.1.2025г.
- Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2024 година (објавен на системот на БЈН на 24.1.2024), во кој е предвидена и набавка на услуга за рангирање на високообразовните установи, за месец мај 2024. Не е спроведена постапка за рангирање на високообразовните установи, имајќи предвид дека е формирана Работна група за изработка на измени и дополнувања или нов Закон за високото образование, во кој ќе биде уредена и постапката за рангирање.
- Информацијата со усогласениот текст на Договорот за пристап до високо образование и прием на студии во Западен Балкан е усвоена на 23-та седница на Владата, одржана на 1.10.2024г. Договорот е усвоен од страна на сите шест земји од Западен балкан и започната е постапка за ратификација на Договорот од страна на Собранието

**ПОТПРОГРАМА 2: Развивање на ефикасен систем за финансирање и управување на високото образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:
- Во МАНУ одржана е стручна расправа во организација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност за Националната програма за високо образование и Уредба за финансирање на ВОУ, на која ректорите на универзитети ги презентираа постојните модели на финансирање. Беа презентирани модели од приватни универзитети како и моделот подготвен во рамки на SKILLS проектот од меѓународниот експерт. Формирани се интерни комисии во рамки на Националниот совет кои ќе бидат надополнети и со надворешни членови.
- Формирано е Национално координативно тело за реформи во високото образование, науката, истражувањето и развојот во кое членуваат претставници на институции како МОН и Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност, претставници на универзитетите и Интеруниверзитетската конференција, на студентите, на бизнис заедницата и граѓанските здруженија. Националното координативно тело ќе направи анализа на состојбата во областите каде ќе делува, а потоа ќе предложи конкретни активности кои нема да бидат обврска само на една институција или страна.

**ПОТПРОГРАМА 3: Студентски стандард**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Заврши првата фаза од реконструкцијата на студентскиот дом „Кузман Јосифовски – Питу“ во Скопје (демонтиран е стариот мебел и столарија, електричните и водоводните инсталации, системот за греење... ) Продолжија активостите согласно утврдената динамика во склучениот договор кој предвидува заокружување на активностите во рок од година и половина.
- Во четвртиот квратал започнаа подготвителните активности за реконструкцијата на СД „Стив Наумов”
- Изработена е  тендерската документација за ЛОТ2 (СД „Никола Карев” Охрид, СД „Томе Стефановски Сениќ” Скопје, СД „Браќа Миладиновци” Штип и СД „Орде Чопела” Прилеп). Поднесени се барања за одобрение за градба до МТВ за СД Никола Карев Охрид и СД Т.С.Сениќ
- Во завршна фаза е изработка на проектната документација  за ЛОТ3 (СД ,Кочо Рацин” Битола, СД „Пелагонија” Скопје и СД „Гоце Делчев” (кантина) Скопје) по што ќе следи техничка ревизија на истата пред подготовка на тендерска документација.
- Во тек се активности за обезбедување на сите релевантни податоци за продолжување со изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство и Факултет за физичко образование, спорт и здравје
- На барање на студентите донесени се измени на Законот на субвенциониран студентски оброк (Службен весник бр.30/2024 од 9.2.2024г). со кои исплатата на субвенциониран оброк се врши еднаш неделно (во понеделник за шест дена во неделата).
- Јавниот повик редовно се објавуваше во 2024, врз основа на кои тековно се разгледуваа и обработуваа пристигнатите апликации. На барање на студентите дозволено е и пријавување на бруцошите на повикот во месец септември (за кои потоа беше обезбедена потврда за редовен студент од страна на високо-образовните установи)
- Конкурсот за доделување на студентски стипендии за академската 2024/2025, е објавен на веб страната на МОН на 1.11.2024г.  со рок на пријавување до 15.11.2024г. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 18.12.2024г. Стипендистите се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2024 г.
- Формирана е Работна група составена со претставници од студентските домови, универзитетско студентско собрание и вработени од МОН за изработка на нови закони за студентски и ученички стандард, која изготви предлог законки решенија заклучно со 20 декември 2024г.

<u>ОЦЕНКА:</u> Во рамки на Програмата - Квалитетно и инклузивно високо образование и студентски стандард, реализирани се најголем дел од активностите планирани со Стратешкиот план, со што истата придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 4: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ**

**ПОТПРОГРАМА 1: Ревизија на правната рамка за истражување и развој**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Започна имплементација на активностите согласно  Стратегија за паметна специјализација и Акцискиот план 2024-2025 усвоени во месец декември 2023г.

- Организирани се промотивни активности за стратегијата и објавен е повик за додлеување на грантови за соработка помеѓу бизнис заедницата и академијата, во износ до 50.000 евра. На повикот се доставени 22 пријави, а доделени се 4 гранта.
- Формирана е Комисија за извршување на увид во приватните научни установи, од аспект на усогласеност со Законот за научно-истражувачка дејност. Врз основа на спроведената анализа затворени се 5 приватни научни институти, а кај 15тина се утврдени неправилности кои имаат обврска да ги отстранат во соодветен рок.

**ПОТПРОГРАМА 2: Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Формирана е Работна група составена од претставници на МОН, јавните универзитети, јавните научни устнови, Националниот совет за високо образование и наука која работи на измени и дополнувања или нов Закон за научно истражувачката дејност. Одржани се неколку состаноци на Работната група
- Организирани се промотивни активности за стратегијата за паметна специјализација и објавен е повик за додлеување на грантови за соработка помеѓу бизнис заедницата и академијата, во износ до 50.000 евра. На повикот се доставени 22 пријави, а доделени се 4 гранта.
- На 17.12.2024 на веб странатa на МОН објавени се резултатите по Конкурсот за доделување 20 стипендии за академски студии од трет циклус во земјата за академската 2024/2025 година, од кои пет (5) стипендии чија тема на истражување е во корелација и соодветствува со целите и дефинираните приоритети во Стратегијата за паметна специјализација со фокус на дигитална и зелена транзиција. Доделение се четири стипендии и исплатени се за месеците окотмви, ноември и декември 2024г.
- На 26.9.2024г. во просториите на Земјоделскиот факултет во Скопје, организирана е јавна расправа по однос на предлог Националната програма за научно-истражувачката дејност по што даден е рок на сите високо-образовни и научни установи да дадт свои забелешки и коментари. Во текот на месец декември собрани се коментарите од јавната расправа со цел ажурирање на предлог програмата пред нејзино усвојување.
- На 29.11.2024 објавени се резултатите по Конкурсот за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2024 година. Прифатени/ одобрени и исплатени се 17 апликации. Одбиени се 5 апликации кои не ги исполнуваат условите.
- На 29.11.2024 објавени се резултатите по Конкурсот за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2024 година. Прифатени/ одобрени и исплатени се 4 апликации. Одбиена е 1 апликација која не ги исполнува условите.
- На 29.11.2024 објавени се резултатите по Конкурсот за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири во странство за 2024 година. Прифатени/ одобрени и исплатени се 70 апликации. Одбиени се 5 апликации кои не ги исполнуваат условите, а 3 апликации се повлечени.
- На 4.11.2024г. објавено е решението за финансирање на 358 прифатени барања за научно-истражувачки трудови од домашни автори објавени во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор) за 2022 година и истите се целосно исплатени (85 труда

од областа на природно-математичките науки, 77 труда од областа на техничко-технолошки науки, 26 труда од областа на био-технички науки, 55 труда од областа на медицински науки, 57 труда од областа на општествеии науки и 58 труда од областа на хуманистички науки)
- На 5.4.2024 на веб страната на МОН објавен е Јавниот конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд за 2023 година, со рок на пријавување до 30 септември 2024 година.
- Завршен е Јавниот конкурс за доделување на надомест на средства платени за објавување на научни трудови во 2023 година,
- На 7.6.2024г на веб страната на МОН објавени се резултатите по Конкурсот за доделување 50 стипендии за академски студии од втор циклус во земјата за академската 2023/2024 година (доделени се 10 стипендии за студенти од подрачјето на општествени науки и 24 стипендии од подрачјето на техничко-технолошки науки и природно-математички науки)
- На 17.12.2024 на веб страната на МОН објавени се резултатите по Конкурсот за доделување 20 стипендии за академски студии од трет циклус во земјата за 2024/2025 година. Стипендистите се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2024г.
- На 18.12.2024 на веб страната на МОН објавени се резултатите по Конкурсот за доделување 54 стипендии за академски студии од втор циклус во земјата за 2024/2025 година. Стипендистите се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2024г.

**ПОТПРОГРАМА 3: Учество во регионални иницијативи и меѓународните програми за наука и истражување**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Континуирано се проследуваа повиците во рамки на Програмата „Хоризонт Европа"
- Во 2024 се одржуваа редовно состаноци на Работната група на RCC за отворена наука, на кој присуствуваа и претставниците од МОН.
- На 2.4.2024 на веб страната на МОН споделени се трите повици на Здружениот истражувачки центар на Европската Комисија (DG JRC-Joint Research Center) за обука и градење капацитети во рамките на активноста за отворен пристап до истражувачките инфраструктури на JRC.
- Започната е постапка за склучување на Меморандум за соработка со Здружениот истражувачки центар на Европската Комисија (DG JRC-Joint Research Center)
- Продолжи имплементацијата на 17-те одобрени билатерални научно-истражувачки проекти меѓу Република Северна Македонија и Сојузна Република Австрија кои се финансираат во периодот 2024-2025 година.

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Вложување во науката, истражувањето и иновациите, реализирани се дел од активностите планирани со Стратешкиот план, со што истата придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 5: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ**

**ПОТПРОГРАМА 1: Развој на неформалното образование на возрасните**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Континуирано се врши стручен надзор над установите/институциите за образование на возрасни
- Континуирано се ажурира каталогот на верифицирани програми за образование на возрасните

**ПОТПРОГРАМА 2: Формално образование на возрасните**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Подготвен е предлог тесктот на Законот за образование на возрасни од страна на Работната група составена од сите релевантни чинители, кој на 13.9.2024 е објавен на ЕНЕР системот и веб страната на МОН за јавна расправа. Законот е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024 и усвоен на 28-та седница на Собранието
- Верификувани се 53 посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на квалификација или дел од квалификација
- Во Општина Чаир економија право и трговија 200 учесници во април успешно е завршена II година, во мај е започната III година.
- Во Општина Сарај економија право и трговија 200 учесници во април успешно е завршена II година, во мај е започната III година.
- Во Општина Боговиње 60 учесници на машинство и 40 угостителство и туризам во април успешно е завршена II година, во мај е започната III година
- Во Општина Прилеп 100 учесници на земјоделство ветеринарство и рибарство за профил агротехничар во април успешно завршена II година, во мај е започната III година и 100 учесници на хемија и технологија за профил прехранбен техничар и во март успешно завршена II година, во април е започната III година.
- Во Општина Куманово економија право и трговија 100 учесници во април успешно е завршена II година, во мај е започната III.
- Во Општина Куманово машинство за профил  машинско енергетски техничар 40 учесници во март успешно е завршена II година, во април е започната III година, 54 учесници на електротехника профил електротехничар за компјутерска техника во февруари успешно е завршена II година, во март е започната III година.
- Верификувана е 1 посебна програма за образование на возрасните која води кон стекнување на знаења, вештини и компетенции, а 2 се во процедура;
- Активно учество во актинвостите на ИПА проектот ТП на Договорот за изведба на реформи во секторот „ЕУ за млади“ поврзани со образованието на возрасните;
- Активно учество во актинвостите на  ИПА проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и обука и образованието за возрасни“поврзани со образованието на возрасните;
- Започна со реализација Еразмус+ проектот на националните координатори за обраовани на возрасните „Имплементација на Европската агенда за учење на возрасните во Северна Македонија“
- Континуирано организирање на стручен надзор на понудувачи на услуги
- Извршен стручен надзор над 4 установи/институции за образование на возрасни
- Континуирано ажурирање на каталогот на верифицирани посебни програми за образование на возрасните

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Образование на возрасни и доживотно учење, реализирани се најголем дел од активностите планирани со Стратешкиот план, со што истата во голема мера придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

## 1.2.6 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ, ПОТПРОГРАМИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ВО 2025г.:

**ПРОГРАМА 1: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**ПОТПРОГРАМА 1: Зголемување на постигањата на учениците во основното образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесени се нови наставни програми за седмо одделение согласно измените и дополнувањата на Концепцијата кои се применуваат во настава од септември 2025г.
- Во месеците јуни-август се спроведе обука за наставниците кои предаваат во седмо одделение во учебната 2025/2026 година.
- Донесени се нови наставни програми за историја и општество за петто и шесто одделение кои се применуваат од учебната 2025/2026г.
- Донесени се нови наставни програми за осмо одделение согласно измените и дополнувањата на Концепцијата кои се применуваат во настава од септември 2026г.
- Порталот Едуино континуирано се надградуваше со нови видео содржини.
- Пуштена е во употреба мобилната верзија за е-дневникот (за андроид и IOS корисници) за родители/старатели.
- Развиен е нов ЕМИС систем , пуштен во употреба од учебната 2025/2026 година
- Набавена е мрежна и информатичка инфрастуктура за 42 училишта (20 основни училишта во рамки на Проект за унапредување на основното образование - ПЕИП, и 22 училишта со буџетски средства од МОН). За 38 училишта со буџетски средства од МОН набавена е дополнителна опрема (персонални компјутери, монитори и преносни компјутери, опрема за презентација на настава, систем за ИТ податочна безбедност, 3Д скенери, печатари, скенери, проектори ...)
- Сукцесивно намален е бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици и бројот на ученици во комбинирана паралелка (за учениците од прво до седмо одделение).
- Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО и Здружението Асоцијација на советници за развој кариера - АСК од Скопје врз основа на кој спроведени се обуки за кариерните советници во основните и средните училишта.
- Развиена е е-платформа на Водичот за квалификации кој ќе им помогне на учениците од основно образование за професионален и кариерен развој
- Донесена е Програма за изградба и реконструкција на основни училишта во 2025 г. (Службен весник бр.8/25 од 14.1.2025).

- Завршена е изградбата на нов училишен објект во с.Баница, Чашка, доградбата на ООУ "Св. Кирил и Методиј" с. Кучевиште - Чучер Сандево, доградбата на ОУ „Александар Урдаревски“, Чучер Сандево и доградба на ООУ Санде Штерјоски, Кичево.
- Во тек е изградба/доградба на четири училишта (ООУ Рилиндја во с. Селце, Тетово, ООУ Ацо Шопов, Радишани, Бутел, ООУ „Гоце Делчев“ во село Еднокуќево, Општина Босилово и ОУ „Димче Ангелов Габерот“, Демир Капија) и изградба на четири училишни спортски сали.
- Завршена е реконструкција на 28 основни училишта, а во тек е реконструкција на 20 училишта.
- Изработена е Физибилити студијата за транзиција кон едносменско работење на основните училишта. Врз основа на Физибилити студијата за воведување на едносменска настава, спроведена е постапка за изработка на техничка документација и ревизија на документација за надградба/доградба на пет училишта
- Одобрен е заем од Банка за развој при Совет на Европа за изградба на нови училишни спортски сали во основните и средните училишта, во вредност од 20 милиони евра
- Извештајот со резултатите и препораки од Државното тестирање кое се спроведе во месец јуни 2024, за учениците во петто одделение за математика и мајчин јазик (македонски и албански јазик). е промовиран на 15 декември 2025 година.
- Во првата недела од месец октомври се спроведе преттестирањето за третто одделение.
- По однос на меѓународнмите тестирања, во месец октомври објавени се резултатите од TALIS 2024. Детален извештај ќе биде објавен во 2026г. На 9.12.2025 објавени се резултатите од лонгитудинална ТИМСС студија. Детален извештај ќе биде објавен во 2026г. Од страна на ДИЦ започнаа подготвителни активности за двете меѓумародни тестирања TIMSS 2027 и ICCS 2027.
- Донесен е нов Закон за учебници во основното и средното образование, објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г., и донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од законот
- Донесена е Концепција за изработка на учебници (утврдена со решение од министерката од 16.1.2025г.) и истата е објавена на веб страната на МОН и доставена до сите издавачки куќи
- На 45-та седница на Владата, одржана на 21.1.2025 донесена е Уредбата за утврдување на каталошка цена на учебник (согласно новиот Закон за учебници)
- Од страна на МОН донесена е Методологија за вреднување на учебници, изработена на предлог на БРО и ЦРСО, со бр.18-5577/1 од 10.4.2025г.
- Започнати и во тек се постапки за нови учебници, согласно наставните програми за седмо одделение, за уебници за јазик и култура на заедниците (кои недостасуваа) и за странски јазици од прво до деветто одделение.
- Изработена е платформа за дигитални учебници.
- Уредбата за финансирање на основното образование (нова формула) е разгледана на седница на Комисијата за финансирање на единците на локална самоуправа и по истата е добиено позитивно мислење. Уредбата е усвоена од страна на Владата на 97-та седница, одржана на 29.7.2025г. Спроведени се обуки за вработените во МОН и за општинската админстрација за имплементација на новата формула за финансирање.
- Во однос на оптимизацијата на училишната мрежа, изработени се планови за оптимизација за уште 22 општини.

**ПОТПРОГРАМА 2: Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Во месец февруари 2025 обезбедени се дополнителни согласности од МФ за образовни асистенти и истите се спроведени од страна на училиштата со ресурсни центри. Во учебната 2024/2025 година ангажирани се 1186 образовни асистенти. Со ребалансот на буџетот (јули 2025) обезбедени се средства за дополнителни 160 образовни асистенти за учебната 2025/2026.
- Донесен е нов Правилник за норматив за образовниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи, за основно образование бр.12-7278/2 од 10.6.2025г.
- Донесен е нов Правилник за начинот на побарување на образовен асистент, начинот на селекција и избор на образовен асистент, како и програмата за обука на образовен асистент (за основно образование), објавен во Сл.весник бр.1422025 од 15.7.2025
- МОН спроведе неколку постапки согласно ЗЈН за реконструкција на училишта во насока на подобрување на условите и пристапноста за учениците со попреченост.
- На 67-та седница на Владата одржана на 15.4.2025 усвоена е Одлуката за преземање на основачките права и обврски над основното училиште за возрасни „Антон Семјонович Макаренко“ Скопје.
- Законот за изменување и дополнување  на Законот за основното образование (во кој е доуредена постаката за остварување на основно образование во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови)  е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г.
- Врз основа на Законот, на предлог на БРО донесен е Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравственит установи, казнено-поправни и воспитно – поправни установи, како и во домашни услови бр. 18-9120/1 од 30.6.2025г.
- Спроведени се обуки за наставниците на тема „Развој на вештини за работа со ученици кои се на лекување во здравствени установи и домашни услови, развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците и создавање на позитивна социо – емоционална клима на час”.
- Склучен е Меморандум за соработка помеѓу МОН, Коалиција на младински организации Сега и Детска фондација Песталоци за реализација на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во 26 основни и 24 средни училишта. Една од целите на проектот е да се зајакнат капацитети на основните и средните училишта за превенција и справување со насилство.
- Образовните медијатори (40) ангажирани од МОН, работеа на терен во 28 општини во насока на информирање и поддршка на семесјтвата и родителите/старателите за упис на ученици Роми во прво одделение.
- Изработена е Програма за обука на наставниците за препознавање и интервенции во случај на рано напуштање на образованието, која се пилотира во три училишта (Штип, Битола и Прилеп). Дополнително во соработка со НВО се работи и со родителите/старателите на учениците.
- Донесен е нов Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница бр.18-13736/1 од 28.10.2025г.
- Врз основа на измените на Законот за основно образование со кои средствата за активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција кои ги доделува

МОН се зголемени од „30.000 денари" на „две просечни нето-плати исплатени по работник во Републиката во претходната година", донесено е Решение бр.18-13862/1 од 30.10.2025 од министерката за образование и наука за висина на грант од 60.000 мкд. На 31.10.2025 Јавниот повик за доделување на средства е објавен на веб страната на МОН.

- МОН со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше две регионални информативни средби (19.11 во Тетово и 21.11 во Велес) поврзани со новите услови и критериуми за доделување грантови за унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во училиштата, вклучувајќи го и зголемениот износ на поддршката. Дополнително, на овие средби беа претставени и локалните совети за превенција, кои споделија искуства и примери на успешни практики во создавање на безбедна и поддржувачка училишна средина.
- Дополнително МОН со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше две работилници (9 и 10 декември во Челопек и 18 и 19 декември во Велес) за креирање забавни ученички активности што поттикнуваат поддршка и заедништво меѓу учениците, наменета за наставници и стручни соработници кои работат директно со ученици и родители од различни заедници.
- Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г.. Со измените на Законот се уредува дека по исклучок, за ученици припадници на бошњачка, турска, српска, ромска и влашка заедница, може да се формира и група помала од 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки, заради изучување на јазикот и културата на заедницата.
- Донесен е Правилник за начинот на формирањето на групи за ученици припадници на бошњачка, турска, српска, ромска и влашка заедница, помала од 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки, заради изучување на јазикот и културата на заедницата бр.. бр 18-13407/1 од 17.10.2025
- Одобрени се нови учебници за предметите. Јазик и култура на Србите за 4 одделение, а започнати и во тек се постапките за одобрување на учебници Јазик и култура на Србите за 3, 5, 6, 7, Јазик и култура на Турците за 4, 5, 6, 7, 8 и 9, Јазик и култура на Ромите за 6 и 7 одделение.
- Одобрени се нови учебници согласно новите наставни програми за седмо одделение за предметите босански, српски и турски јазик, а објавен е конкурс за нови учебници за осмо одделение.
- Спроведени се Јавниот повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар во текот на 2025 година од областа на математиката, информатиката и природните науки, Јавниот повик за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта и Јавниот повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот.
- Во постапката за аплицирање за парична награда за освоени медали на меѓународни научни олимпијади и на награди и медали на меѓународни натпревари од областа на математиката, информатиката и природните науки, за прв пат услугите се дигитализирани односно не се доставуваат хартиени документи во Министерството, туку електронска Пријава преку http://e-uslugi.mon.gov.mk.
- Континуирано се доделуваа парични награди за ученици (и нивните ментори) од основно образование кои освоиле прво место на државен ученички натпревар.

**ПОТПРОГРАМА 3: Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)
- Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)
- Подготвен е Закон за изменувања и дополнувања на Законот за БРО (вклучително и делот за акредитација и реализација на обуки за наставници и стручни соработници) кој е објавен на ЕНЕР за консултација со јавноста
- Завршено е истражувањето (прашалникот доставен до сите наставници во основно образование) за утврдување на дигиталните вештини кај наставниците, врз основа на кое ќебидат креирани посебни обуки за наставниците.
- Во соработка со Универзитетот Гоце Делчев изработен е Водич за вештачка интелигенција (наменет за наставниците и учениците). Водичот претставува основа за запознавање со вештачката интелигенција, принципите на работа на алатките базирани на вештачка интелигенција и можностите за нивна примена. Водичот е јавно промовиран на 5.9.2025 и доставен до сите училишта.
- На 30.10.2025 МОН и Центарот за трансфер на технологии и иновации ИНОФЕИТ при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје потпишаа меморандум за соработка кој предвидува искористување на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови за организирање на обуки за наставникот кадар, како и работилници за развој и примена на иновации во образованието со фокус на генеративната вештачка интелигенција. Согласно Меморандумот над 700 наставника беа обучени по 6 часа обука во 4 групи (од 20.11 до 23.12.2025 ). Наставниците се стекнаа со сертификат. Материјалите од обуките се споделени со сите училишта во насока на каскадно обучување на што поголем број на наставници.
- Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со кој се доуредува постапката за кариерен развој на стручните соработници е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г. Врз основа на измените, на предлог на БРО донесен е Правилник за начинот на следење и вреднување на работата на стручните соработници бр. 18-9043/1 од 27.6.2025 г
- На 86-та седница на Владата одржана на 24.6.2025г. усвоена е Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во основните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, наставник-советник и стручен соработник-ментор. (Службен весник бр.129/2025)
- Донесен е нов Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите и Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисијата, со кои се продолжени

роковите за пријавување на наставниците и стручните соработници од 15 на 60 дена (имајќи предвид дека е летен распуст и на настаниците/ стручните соработници им е потребен подолг рок за пријавување), објавени во Службен весник на РСМ бр.148 од 23.7.2025г.

- Повиците за кариерен развој се објавени на веб страната на МОН на 28.7.2025г.
- На 16.3.2025 Министерството за образование и наука во соработка со УНИЦЕФ, Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје и Комората на психолози до сите училишта доставија насоки за училиштата, наставниците и родителите за давање на психосоцијална поддршка на учениците по трагичниот настан во Кочани. Дополнително обезбедена е зајакната психолошка поддршка за сите училишта (ученици и наставници) во Кочани, Штип, Чешиново-Облешево и околните места од преку 130 психолози, за кои на 21.3.2025 беше обезбедена посебна обука од страна на Комората на психолози.
- Спроведен е Конкурсот и доделени се стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници

**ПОТПРОГРАМА 4: Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Програмата за основна обука на директори континуирано и тековно се спроведуваше во првата половина од годината.
- На 11.4.2025г. објавен е Јавен повик за пријавување на директори на училишта за следење напредна обука за 2025 година.
- Од страна на училиштата се спроведуваа активностите согласно доделените грантови за финансирање активности од развојните програми на јавните основни училишта (врз основа на спроведена самоевалуација и изготвена развојна програма).
- Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор, во кој се вклучени новите индикатори за следење на основните училишта (усогласени со системот на самоевалуација и развојно планирање) е усвоен и објавен во Службен весник бр.87 од 29.4.2025г.

<u>ОЦЕНКА:</u> Во рамки на Програмата - Квалитетно и инклузивно основно образование, планираните активности се одвиваат согласно утврдената динамика, со што истата во голема мера придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 2: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД**

**ПОТПРОГРАМА 1: Зголемување на постигањата на учениците во средното образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование е усвоен од страна на Собранието на 8.04.2025г. и објавен во Службен весник бр.78/2025 од 11.04.2025г.
- Врз основа на измените на законот донесени се следните подзаконски акти:
    - Правилник за начинот на доделувањето на еднократната награда на талентиран и надарен ученик од основно образование, кој учествувал на меѓународна олимпијада или натпревар организирани за ученици од средно образование и освоил прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународна олимпијади или натпревари, како и учествувал и освоил прво место на натпревар на државно ниво за ученици од средно образование бр. 18-9669/1 од 7.7.2025

- Правилник за начинот на пријавување и заштита на ученик кој е изложен на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување бр. 18-10074/2 од 17.7.2025
- Правилник за изменување и дополнување на правилник за нормативот за образовниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи бр. 13-11684/1 од 29.8.2025
- Правилник за начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови бр. 13-11883/1 од 4.9.2025
- Правилник за содржината на годишната програма на училиштето бр. 13-11882/1 од 4.9.2025
- Правилник за формата и содржината на развојната програма на училиштето бр. 13-11881/1 од 4.9.2025
- Правилник за начинот на кариерното советување и изборот на кариерен советник на учениците бр. 13-11881/1 од 4.9.2025
- Правилник за начинот на работењето на инклузивниот тим за ученикот бр. 13-12409/1 од 22.9.2025
- Правилник за начинот на обезбедување на средствата за Меѓународната програма за средно образование (ИБ програма) и програмата за меѓународна матура, која се реализира во јавно средно училишта бр.13-12562/1 од 26.09.2025
- Правилник за начинот на користење на средствата кои јавното средно училиште ги собира од родителите, односно старателите на учениците по основа на фотографирање на ученици, обезбедување на училишни униформи, обезбедување во и на средното училиште, списанија и стручна литература и слично бр. 13-12625/1 од 29.9.2025
- Правилник за висината на надоместокот на трошоците во постапката за признавање и еквиваленција и постапката за признавање, се утврдува врз основа на направените реални трошоци бр. 18-12630/1од 29.9.2025
- Донесено е Решение за вонредни ученици за јавните средни училишта и Одлука за висина на превоз на ученици за релација каде нема обезбедено линиски превоз, за државните училишта
- Правилник за нормативот за воспитувач бр.18-12937/2 од 10.10.2025
- Правилник за оценувањето на учениците кои работат по ИОП и модифицирана програма бр.18-13406/1 од 17.10.2025 (Сл.весник бр.216/25 од 21.10.2025)
- Програмата за полагање на стручниот испит на воспитувачот во средно училиште со ученички дом бр. 18-13599/1 од 24.10.2025 (Сл.весник бр.220/25 од 28.10.2025)
- Правилник за начинот на спроведување на самоевалуацијата, формата, содржината и начинот на изготвување на извештајот бр. 18-15178/1 од 4.12.2025 (Сл.весник бр.246/2025 од 9.12.2025)
- Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попречености, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура бр. 18-15176/1 од 4.12.2025 (Сл.весник бр.246/2025 од 9.12.2025)
- Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попреченост/и, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од училишна гимназиска матура, училишна стручна матура и училишна уметничка матура бр. 18-15872/1 од 17.12.2025 (Сл.весник бр.258/2025 од 22.12.2025)
- Правилник за начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попреченост/и, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од завршниот испит во средното стручно образование бр. 18-15872/2 од 17.12.2025 (Сл.весник бр.258/2025 од 22.12.2025)
- Правилникза составот и начинот на работа на телата поврзани со сите видови испити за завршување на средното образование бр 18-15872/3 од 17.12.2025 (Сл.весник бр.258/2025 од 22.12.2025)

- Усвоена е нова Концепцијата за испити на крајот на средното образование бр.13-12804/3 од 10.10.2025
- Изработена е предлог Концепција за средно образование и истата на 16.1.2025г. е објавена за јавна расправа на веб страните на БРО и МОН. Изработен е предлог документ национална рамка на клучните компетенции за учениците во средното обраование, како составен дел на Концепцијата за средно образование
- Од страна на МОН на 3.4.2025г. донесени се нови наставни програми за прва година средно гимназиско образование кои започнаа да се применуваат од учебната 2025/2026 година. Изработени и одобрени се нови учебници за прва година согласно новите наставни програми

- Донесени се нови наставни програми за втора година средно гимназиско образование кои ќе се применуваат од учебната 2026/2027 година. Започнати се постапки за одобрување на нови учебници за втора година согласно новите наставни програми
- Од 1 септември 2025, во сите училишта воведен е новиот ЕМИС.
- Во соработка со Универзитетот Гоце Делчев изработен е Водич за вештачка интелигенција (наменет за наставниците и учениците).
- Донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во 2025 („Службен весник" бр.8/25 од 14.1.2025)
- Во тек е изградба на нов училишен објект СОУ „Сами Фрашери", Куманово. Завршена е реконструкција на пет училишта (СОУ „Ѓорѓи Наумов" Битола, ДУ РЦСОО Моша Пијаде, Тетово, ДМБУЦ "Илија Николовски - Луј", Скопје, СДУ „Славчо Стојменски" Штип и ДУ РЦСОО Ванчо Питошески Охрид) а во тек е реконструкција на 3 средни училишта (ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски",Охрид, СОУ „Кочо Рацин",Свети Николе и ДМУЦ „Сергеј Михајлов", Штип)
- Завршена е постапката за набавка на ИТ опрема за потребите на регионалниот центар: РЦСОО „Моша Пијаде" – Тетово, и истата е доставена и монтирана во училиштето.
- Во текот на месеците април и мај, Државен испитен центар го спроведе ПИСА тестирањето 2025. МОН и ДИЦ дадоа позитивно мислење до ОЕЦД за учество во ПИСА тестирањето 2029
- Отворена е нова буџетска програма 37 за инклузивно средно образование и обезбедени се за прв пат средства за образовни асистенти за средно образование за учебната 2025/2026. Поднесени се барањата за 150 согласности до МФ и истите се оодбрени на 30.7.2025
- Донесен е Правилник за начинот на побарување на образовна асистенција и начинот на селекција и избор на образовен асистент, како и програмата за обука на образовен асистент за средно образование со бр. 13-3853/5 од 10.6.2025; Правилник за норматив за образовниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи, за средно образование бр. 13-3853/6 од 16.6.2025 и измена на Правилник со бр. 13-11684/1 од 29.8.2025г. Правилник за начинот на работењето на инклузивниот тим за ученикот бр.13-12409/1 од 22.9.2025 и Правилник за оценувањето на учениците кои работат по индивидуален образовен план и модифицирана програма за средно образование бр.18-13406/1 од 17.10.2025 (Сл.весник бр.216/25 од 21.10.2025)
- Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование, државите училишта за ученици со попреченост продолжуваат со работа како државни средни училишта со ресурсен центар, од учебната 2025/2026 година. Врз основа на законските одредби одобрени се статутите на ДСУ„Димитар Влахов", ДСУ Искра, ДСУ „Наум Охридски" и ДСУ „Партение Зографски", со што овие четири училишта се трансформираа во училиште со ресурсен центар., почнувајќи од 1 септември.
- Донесено е и Решение за реонизација на училиштата со ресурсни центри и редовните средни училишта
- Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот од средното образование, Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата и Јавен повик за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците по одделни предмети во средното образование.

- Во постапката за аплицирање за парична награда за освоени медали на меѓународни научни олимпијади и на награди и медали на меѓународни натпревари од областа на математиката, информатиката и природните науки, за прв пат услугите се дигитализирани односно не се доставуваат хартиени документи во Министерството, туку електронска пријава преку http://e-uslugi.mon.gov.mk.
- Со Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025) за прв пат е уреден основот за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на меѓународен натпревар на ученици од средно образование и основот со кој на акредитирано здружение на наставници, кое е организатор на меѓународна олимпијада која се одржува во Република Северна Македонија, Министерството може да му додели средства за трошоците за организирање на меѓународната олимпијада, по поднесено барање до Министерството.
- Врз основа на измените на Законот донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на една меѓународна научна олимпијада (Сл.весник бр.96/2025 од 14.5.2025)
- На 15.5.2025 на веб страната на МОН објавен е Јавен повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на една од 15 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad) во текот на 2025 година, со рок на пријавување (електронски) до 31.10.2025г.
- Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025) ставен е основ за изработка и донесување на Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Од страна на БРО изработено е предлог Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.
- Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025) внесена е одредба за ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани и за ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми.
- Донесен е нов Закон за учебници во основното и средното образование, објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г., и донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од законот
- Донесена е Концепција за изработка на учебници (утврдена со решение од министерката од 16.1.2025г.) и истата е објавена на веб страната на МОН и доставена до сите извадачки куќи
- На 45-та седница на Владата, одржана на 21.1.2025 донесена е Уредбата за утврдување на каталошка цена на учебник (согласно новиот Закон за учебници)
- Од страна на МОН донесена е Методологија за вреднување на учебници, изработена на предлог на БРО и ЦРСО, со бр.18-5577/1 од 10.4.2025г.
- За прв пат кариерното советување е уредено во Законот за изменување и дополнување на Закон за средното образование (Службен всник бр.78/2025 од 11.04.2025г.
- Врз основа на законските измени, донесен е Правилник за начинот на кариерно советување и избор на кариерен советник на учениците бр.13-3853/4 од 10.6.2025г. (објавен на веб страната на МОН и доставен до сите средни учиишта со насоки за определување на кариерен советник на ниво на училиште).
- Од страна на БРО донесено е Упатство бр.02-1402/2 од 6.11.2025 за работа на кариерните советници во јавните средни училишта (објавено на веб страната на МОН и доставено до сите училишта). Од страна на кариерните советници изработени се програми за работа.

- Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО и Здружението Асоцијација на советници за развој кариера - АСК од Скопје и спроведена е обука за кариерните советници. Врз основа на Меморандумот во месец ноември (13 и 14.11 за првата гхрупа и 17 и 18.11 за втората група) се спроведоа обуки за кариерните советници.
- Во месец октомври се реализираше обуката од БРО преку провајдер за спроведување на обуката/приоритена програма за стручните соработници во средно образование на тема: „Зајакнување на вештини за советување и кариерна ориентација кај учениците". Со обуката се опфатени 460 стручни соработници и кариерни советници.
- Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)
- Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)
- Акредиитрани се програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар во средно образование, за две приоритетни програми за наставници: „Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава" и „Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобални еколошки предизвици" и една приориттена програма за стручни соработници: „Зајакнување на вештини за советување и кариерна ориентација кај учениците".
- На 86-та седница на Владата одржана на 24.6.2025г. усвоена е Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во средните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор и стручен соработник-ментор. (Службен весник бр.129/2025)
- Донесени се Правилник за начинот на следење и вреднување на работата на наставниците во средните училишта и Правилник за начинот на следење и вреднување на работата на стручните соработници во средните училишта.
- Донесен е нов Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите и Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисијата, со кои се продолжени роковите за пријавување на наставниците и стручните соработници од 15 на 60 дена (имајќи предвид дека е летен распуст и на настаниците/ стручните соработници им е потребен подолг рок за пријавување), објавени во Службен весник на РСМ бр.148 од 23.7.2025г.
- Повиците за кариерен развој се објавени на веб страната на МОН на 28.7.2025г.
- Уредбата за финансирање на средното образование (нова формула) е разгледана на седница на Комисијата за финансирање на единците на локална самоуправа и по истата е добиено позитивно мислење. Уредбата е усвоена од страна на Владата на 97-та седница, одржана на 29.7.2025г.

**ПОТПРОГРАМА 2: Реформа на средното стручно образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесен нов Законот за стручно образование и обука, објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г.
- Врз основа на новиот закон донесени се следните подзаконски акти:
  - Правилник за начинот на определување на координатор за практично образование бр.13-7745/1 од 2.6.2025г.
  - Правилник за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција за реализација на учење преку работа кај работодавач и феријална практика, во установите за стручно образование и обука во кои што се изведува практично образование за учениците бр. 18-10965/1 од 6.8.2025г. (Службен весник бр.168/2025 од 11.8.2025г.)
- Од страна на ДИЦ изработен е Националниот извештај ПИСА 2022 со препораки. Од страна на БРО изработени се Насоки за унапредување на наставата и подобрување на резултатите на учениците во согласност со меѓународните стандарди за тестирање, и истите се објавени на веб страната на БРО и доставени до сите училишта. Во периодот 18.11 – 13.12.2024 г. се реализираа семинари за подобрување на резултатите во ПИСА 2025 тестирањето.
- Спроведен е Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата. Доделени се награди на 15 ученика за освоен златен (1), сребрен (2) и бронзен (12) медал.

- Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки во средно образование. Доделени се награди на 13 ученика за освоено прво (4 ученика по математика, информатика и физика), второ (4 ученика, по математика и физика) и трето место (5 ученика по математика, информатика и физика).
- Доделени се награди на 61 ученик и наставник за освоено прво место на државен натпревар.
- Формирани се инклузивни тимови во училиштата и подготвени се индивидуални наставни програми/ модифицирани програми. Образовните асистенти се обезбедени со поддршка од УНД.П. Подготвен е нов предлог Закон за средното образование, во кој се уредени образовните асистенти.
- Во Законот за средно образование ставен е основ за изработка и донесување на Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.
- На 30.10.2024 на својата веб страна МОН го објави Јавниот повик за доделување на грантови за основните и јавните средни училишта, кои придонесуваат за равој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата.
- Во текстот на предлог Законот за средното образование внесена е одредба за ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани и за ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми
- На 11.11.2024г. на веб страната на МОН објавени се резултатите по Конкурсот за доделување на 1200 (илјада и двеста) стипендии во четири категории за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2024/2025 година. (во учебната 2023/2024 бројот на стипендии изнесуваше 920).Вкупно се доделени 934 стипендии. Склучени се договори со сите стипендисти и исплатени се за месеците октомври, ноември и декември 2024г.
- Подготвен е нов предлог Закон за учебници во основното и средното образование, кој на 30.10.2024 е поставен на владиниот ЕНЕР систем и веб страната на МОН со цел сите заинтересирани граѓани да дадат свои коментари и забелешки.Во предлог законот се интегрирани сугестиите на издавачките куќи во Македонија со чии претставници, раководството на МОН и на Педагошката служба имаа конструктивна работна средба. Новиот закон треба да обезбеди изработка на учебници со поквалитетна содржина, намалување на веројатноста за појава на грешки, какви што беа нотирани до неодамна и да ја поедностави постапката за набавка, со цел навремена испорака во училиштата. Законот за учебници во основно и средно образование е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024 и усвоен на 28-та седница на Собранието.Изготвени се предлог подзаконксите акти, кои произлегуваат од Законот.
- Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2024 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.19/2024 од 26.1.2024г.)
- Спроведени се постапки за одобрување на учебници за средно стручно образование од страна на Националната комисија за учебници, како и графичко-техничко уредување на ново одобрените учебници.
- Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници за 2024 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.19/2024 од 26.1.2024г.)
- На 6.2.2024 БРО на својата веб страна и во печатените медиуми објави Јавен оглас за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници) во средните училишта во Република

Северна Македонија, на тема „Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата (при следење на учениците, во решавање проблемски ситуации, во истражувачки активности и сл." Обуката е спроведена и обучени се 2000 наставници.

- Формирана е Работна група со сите релевантни чинители, која работи на измени и дополнувања на Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, вклучително и моделот за кариерен развој.
- Резултатите по Конкурсот за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници се објавени на веб страната на МОН на 18.12.2024г. Доделени се вкупно 30 стипендии. Стипендистите се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2024 г.
- Изготвен е нов предлог Закон за стручно образование и обука, кој на 13.9.2024 е објавен за јавна расправа на веб страната на министерството и ЕНЕР системот. Законот е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024 и усвоен на 28-та седница на Собранието.
- Завршена е реконструкцијата на Државно училиште Регионален центар за средно стручно образование и обука „Ванчо Питошески", Охрид а во тек е реконструкција на Регионалниот центар „Моша Пијаде" во Тетово.
- Завршена е дистрибуцијата на ИТ опремата и училишниот мебел за потребите на регионалните центри: РСЦОО Киро Бурназ Куманово и РЦСОО Ванчо Питошевски Охрид.Спроведена и завршена е набавка на земјоделска механизација за потребите на РЦСОО Киро Бурназ – Куманово и набавка на мерни инструменти за потребите на РЦСОО Моша Пијаде.
- На 42-та седница на Владата, одржана на 31.12.2024г. усвоени се одлуки за прогласување на два нови регионални центри (шести и седми) во Битола и Штип (почнувајќи од 1.9.2025г.), согласно спроведената анализа за потребите на пазарот на труд и капацитетите на средните стручни училишта.
- Локалните самоуправи и коморите го спроведоа социјалниот дијалог „Учи паметно, работи стручно" за утврдување на реалните потреби за стручни профили во средните стручни училишта за учебната 2024/2025 година.
- Согласно Конкурсот за упис во учебната 2024/25 година во соработка со општините и компаниите во земјава се обезбедени 7075 слободни места во 283 паралелки во дуалното стручно образование. За споредба во учебната 2023/2024 отворени се 259 дуални паралелки, 2022/2023, 223 дуални паралелки, во учебната 2021/2022 беа отворени 97 а во учебната 2020/2021 имаше 11 паралелки.
- На 26.11.2024г. на веб страната на МОН објавени се резултатите по: Конкурсот за доделување 1500 (илјада и петстотини) стипендии за ученици кои се запишани во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование (ДУАЛНИ ПАРАЛЕЛКИ) за учебната 2024/2025 година, Конкурсот за доделување 220 (двесте и дваесет) стипендии за ученици кои реализираат наставни планови и програми за стручно оспособување и стручно образование од тригодишно траење во јавните и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2024/2025 година и Конкурсот за доделување 300 (триста) стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителство и туризам, шумарство и обработка на дрво, градежништво и геодезија, земјоделство-рибарство и ветеринарство, машинство и текстил, кожа и слични производи од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2024/2025 година. Стипендиите се исплатени за месеците септември, октомври, ноември и декември 2024г.
- На 4.1.2024г. објавен е Јавен повик за учество на активност за обука и соработка „Студиска посета за одржливост и одржлив развој на училиштата" Клучна акција 1 во училишно / стручно образование Еразмус+ приоритет – зелена агенда.

- На 19.3.2024 објавен е Јавен повик за учество на активност за обука и соработка „Семинар за долгорочни мобилности за учениците" во секторот за училишно образование.
- На 8.10.2024г. објавен е Повик за градење на капацитети на училишта за програмата Еразмус+, обука со работилници, унапредување на вештини од различни региони во Република Северна Македонија со фокус на приоритетите на програмата Еразмус+ и градење на меѓусебна соработка
- Завршена е реконструкцијата на ученичкиот дом Ванчо Питошески во Охрид (во склоп на регионалниот центар за стручно образование и обука), реконструкција на ученичкиот дом ДУД Мирка Гинова Битола и реконструкцијата на ученичкиот дом „Здравко Цветковски" во Скопје.
- Набавена е кујнска опрема за ученичките домови.
- Конкурсите за ученички стипендии за учебната 2024/2025 година се објавени на веб страната на МОН на 1.10.2024 со рок за електронско пријавување до 15.10.2024г. Резултатите за сите стипендии се објавени во текот на месец ноември на веб страната на МОН и учениците се исплатени за месеците септември, октомври, ноември и декември 2024г.

**ПРОГРАМА 3: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Во МАНУ одржана е стручна расправа во организација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност за Националната програма за високо образование и Уредба за финансирање на ВОУ, на која ректорите на универзитети ги презентираа постојните модели на финансирање. Беа презентирани модели од приватни универзитети како и моделот подготвен во рамки на SKILLS проектот од меѓународниот експерт. Формирани се интерни комисии во рамки на Националниот совет кои ќе бидат надополнети и со надворешни членови.
- На 26.9.2024г. во просториите на Земјоделскиот факултет во Скопје, организирана е јавна расправа по однос на предлог Националната програма за високо образование по што даден е рок на сите високо-образовни установи да дадт свои забелешки и коментари. Во текот на месец декември собрани се коментарите од јавната расправа со цел ажурирање на предлог програмата пред нејзино усвојување.
- На 24.12.2024 на веб страната на МОН објавени се Конкурси на Агенцијата за квалитет во високото образование за избор на надворешни експерти и студенти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми во Македонија, со рок на пријавување до 13.1.2025г.
- Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2024 година (објавен на системот на БЈН на 24.1.2024), во кој е предвидена и набавка на услуга за рангирање на високообразовните установи, за месец мај 2024. Не е спроведена постапка за рангирање на високообразовните установи, имајќи предвид дека е формирана Работна група за изработка на измени и дополнувања или нов Закон за високото образование, во кој ќе биде уредена и постапката за рангирање.

- Информацијата со усогласениот текст на Договорот за пристап до високо образование и прием на студии во Западен Балкан е усвоена на 23-та седница на Владата, одржана на 1.10.2024г. Договорот е усвоен од страна на сите шест земји од Западен балкан и започната е постапка за ратификација на Договорот од страна на Собранието
- Формирано е Национално координативно тело за реформи во високото образование, науката, истражувањето и развојот во кое членуваат претставници на институции како МОН и Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност, претставници на универзитетите и Интеруниверзитетската конференција, на студентите, на бизнис заедницата и граѓанските здруженија. Националното координативно тело ќе нарави анализа на состојбата во областите каде ќе делува, а потоа ќе предложи конкретни активности кои нема да бидат обврска само на една институција или страна.
- Заврши првата фаза од реконструкцијата на студентскиот дом „Кузман Јосифовски – Питу“ во Скопје (демонтиран е стариот мебел и столарија, електричните и водоводните инсталации, системот за греење... ) Продолжија активостите согласно утврдената динамика во склучениот договор кој предвидува заокружување на активностите во рок од година и половина.
- Во четвртиот квратал започнаа подготвителните активности за реконструкцијата на СД „Стив Наумов"
- Изработена е тендерската документација за ЛОТ2 (СД „Никола Карев" Охрид, СД „Томе Стефановски Сениќ" Скопје, СД „Браќа Миладиновци" Штип и СД „Орде Чопела" Прилеп). Поднесени се барања за одобрение за градба до МТВ за СД Никола Карев Охрид и СД Т.С.Сениќ
- Во завршна фаза е изработка на проектната документација за ЛОТ3 (СД ,Кочо Рацин" Битола, СД „Пелагонија" Скопје и СД „Гоце Делчев" (кантина) Скопје) по што ќе следи техничка ревизија на истата пред подготовка на тендерска документација.
- Во тек се активности за обезбедување на сите релевантни податоци за продолжување со изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство и Факултет за физичко образование, спорт и здравје
- На барање на студентите донесени се измени на Законот на субвенциониран студентски оброк (Службен весник бр.30/2024 од 9.2.2024г). со кои исплатата на субвенциониран оброк се врши еднаш неделно (во понеделник за шест дена во неделата).
- Јавниот повик редовно се објавуваше во 2024, врз основа на кои тековно се разгледуваа и обработуваа пристигнатите апликации. На барање на студентите дозволено е и пријавување на бруцошите на повикот во месец септември (за кои потоа беше обезбедена потврда за редовен студент од страна на високо-образовните установи)
- Конкурсот за доделување на студентски стипендии за академската 2024/2025, е објавен на веб страната на МОН на 1.11.2024г. со рок на пријавување до 15.11.2024г. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 18.12.2024г. Стипендистите се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2024 г.
- Формирана е Работна група составена со претставници од студентските домови, универзитетско студентско собрание и вработени од МОН за изработка на нови закони за студентски и ученички стандард, која изготви предлог законки решенија заклучно со 20 декември 2024г.

**ПРОГРАМА 4: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Започна имплементација на активностите согласно  Стратегија за паметна специјализација и Акцискиот план 2024-2025 усвоени во месец декември 2023г.
- Организирани се промотивни актувности за стратегијата и објавен е повик за додлеување на грантови за соработка помеѓу бизнис заедницата и академијата, во износ до 50.000 евра. На повикот се доставени 22 пријави, а доделени се 4 гранта.
- Формирана е Комисија за извршување на увид во приватните научни установи, од аспект на усогласеност со Законот за научно-истражувачка дејност. Врз основа на спроведената анализа затворени се 5 приватни научни институти, а кај 15тина се утврдени неправилности кои имаат обврска да ги отстранат во соодветен рок.
- Формирана е Работна група составена од претставници на МОН, јавните универзитети, јавните научни устнови, Националниот совет за високо образование и наука која работи на измени и дополнувања или нов Закон за научно истражувачката дејност. Одржани се неколку состаноци на Работната група
- Организирани се промотивни активности за стратегијата за паметна специјализација и објавен е повик за додлеување на грантови за соработка помеѓу бизнис заедницата и академијата, во износ до 50.000 евра. На повикот се доставени 22 пријави, а доделени се 4 гранта.
- На 17.12.2024 на веб страната на МОН објавени се резултатите по Конкурсот за доделување 20 стипендии за академски студии од трет циклус во земјата за академската 2024/2025 година, од кои пет (5) стипендии чија тема на истражување е во корелација и соодветствува со целите и дефинираните приоритети во Стратегијата за паметна специјализација со фокус на дигитална и зелена транзиција. Доделение се четири стипендии и исплатени се за месеците окотмви, ноември и декември 2024г.
- На 26.9.2024г. во просториите на Земјоделскиот факултет во Скопје, организирана е јавна расправа по однос на предлог Националната програма за научно-истражувачката дејност по што даден е рок на сите високо-образовни и научни установи да дадт свои забелешки и коментари. Во текот на месец декември собрани се коментарите од јавната расправа со цел ажурирање на предлог програмата пред нејзино усвојување.
- На 29.11.2024 објавени се резултатите по Конкурсот за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2024 година. Прифатени/ одобрени и исплатени се 17 апликации. Одбиени се 5 апликации кои не ги исполнуваат условите.
- На 29.11.2024 објавени се резултатите по Конкурсот за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за  2024 година. Прифатени/ одобрени и исплатени се 4 апликации. Одбиена е 1 апликација која не ги исполнува условите.
- На 29.11.2024 објавени се резултатите по Конкурсот за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на  меѓународни научни собири во странство за 2024 година. Прифатени/ одобрени и исплатени се 70 апликации. Одбиени се 5 апликации кои не ги исполнуваат условите, а 3 апликации се повлечени.
- На 4.11.2024г. објавено е решението за финансирање на 358 прифатени барања за научно-истражувачки трудови од домашни автори објавени во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор) за 2022 година и истите се целосно исплатени (85 труда од областа на природно-математичките науки, 77 труда од областа на техничко-технолошки науки, 26 труда од областа на био-технички науки, 55 труда од областа на медицински науки, 57 труда од областа на општествеии науки и 58 труда од областа на хуманистички науки)

- На 5.4.2024 на веб страната на МОН објавен е Јавниот конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд за 2023 година, со рок на пријавување до 30 септември 2024 година.
- Завршен е Јавниот конкурс за доделување на надомест на средства платени за објавување на научни трудови во 2023 година,
- На 7.6.2024г на веб страната на МОН објавени се резултатите по Конкурсот за доделување 50 стипендии за академски студии од втор циклус во земјата за академската 2023/2024 година (доделени се 10 стипендии за студенти од подрачјето на општествени науки и 24 стипендии од подрачјето на техничко-технолошки науки и природно-математички науки)
- На 17.12.2024 на веб страната на МОН објавени се резултатите по Конкурсот за доделување 20 стипендии за академски студии од трет циклус во земјата за 2024/2025 година. Стипендистите се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2024г.
- На 18.12.2024 на веб страната на МОН објавени се резултатите по Конкурсот за доделување 54 стипендии за академски студии од втор циклус во земјата за 2024/2025 година. Стипендистите се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2024г.
- Континуирано се проследуваа повиците во рамки на Програмата „Хоризонт Европа“
- Во 2024 се одржуваа редовно состаноци на Работната група на RCC за отворена наука, на кој присуствуваа и претставниците од МОН.
- На 2.4.2024 на веб страната на МОН споделени се трите повици на Здружениот истражувачки центар на Европската Комисија (DG JRC-Joint Research Center) за обука и градење капацитети во рамките на активноста за отворен пристап до истражувачките инфраструктури на JRC.
- Започната е постапка за склучување на Меморандум за соработка со Здружениот истражувачки центар на Европската Комисија (DG JRC-Joint Research Center)
- Продолжи имплементацијата на 17-те одобрени билатерални научно-истражувачки проекти меѓу Република Северна Македонија и Сојузна Република Австрија кои се финансираат во периодот 2024-2025 година.

**ПРОГРАМА 5: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Подготвен е предлог тесктот на Законот за образование на возрасни од страна на Работната група составена од сите релевантни чинители, кој на 13.9.2024 е објавен на ЕНЕР системот и веб страната на МОН за јавна расправа. Законот е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024 и усвоен на 28-та седница на Собранието
- Верификувани се 53 посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на квалификација или дел од квалификација
- Во Општина Чаир економија право и трговија 200 учесници во април успешно е завршена II година, во мај е започната III година.
- Во Општина Сарај економија право и трговија 200 учесници во април успешно е завршена II година, во мај е започната III година.
- Во Општина Боговиње 60 учесници на машинство и 40 угостителство и туризам во април успешно е завршена II година, во мај е започната III година

- Во Општина Прилеп 100 учесници на земјоделство ветеринарство и рибарство за профил агротехничар во април успешно завршена II година, во мај е започната III година и 100 учесници на хемија и технологија за профил прехранбен техничар и во март успешно завршена II година, во април е започната III година.
- Во Општина Куманово економија право и трговија 100 учесници во април успешно е завршена II година, во мај е започната III.
- Во Општина Куманово машинство за профил машинско енергетски техничар 40 учесници во март успешно е завршена II година, во април е започната III година, 54 учесници на електротехника профил електротехничар за компјутерска техника во февруари успешно е завршена II година, во март е започната III година.
- Верификувана е 1 посебна програма за образование на возрасните која води кон стекнување на знаења, вештини и компетенции, а 2 се во процедура;
- Активно учество во актинвостите на ИПА проектот ТП на Договорот за изведба на реформи во секторот „ЕУ за млади“ поврзани со образованието на возрасните;
- Активно учество во актинвостите на ИПА проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и обука и образованието за возрасни“поврзани со образованието на возрасните;
- Започна со реализација Еразмус+ проектот на националните координатори за обраовани на возрасните „Имплементација на Европската агенда за учење на возрасните во Северна Македонија“
- Континуирано организирање на стручен надзор на понудувачи на услуги
- Извршен стручен надзор над 4 установи/институции за образование на возрасни
- Континуирано ажурирање на каталогот на верифицирани посебни програми за образование на возрасните
- Континуирано се врши стручен надзор над установите/институциите за образование на возрасни.
- Континуирано се ажурира каталогот на верифицирани посебни програми за образование на возрасните.

## 1.11 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2025 ГОДИНА:

### ПРОГРАМА 1: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Донесени се нови наставни програми за седмо одделение согласно измените и дополнувањата на Концепцијата кои се применуваат во настава од септември 2025г. и за осмо одделение кои ќе се применуваат од учебната 2026/2027 година.
- Во месеците јуни-август се спроведе обука за наставниците кои предаваат во седмо одделение во учебната 2025/2026 година.
- Донесени се нови наставни програми за историја и општество за петто и шесто одделение кои се применуваат од учебната 2025/2026г.
- Порталот Едуино континуирано се надградуваше со нови видео содржини.
- Пуштена е во употреба мобилната верзија за е-дневникот (за андроид и IOS корисници) за родители/старатели.
- Развиен е нов ЕМИС систем , пуштен во употреба од учебната 2025/2026 година

- Набавена е мрежна и информатичка инфраструктура за 42 училишта (20 основни училишта во рамки на Проект за унапредување на основното образование - ПЕИП, и 22 училишта со буџетски средства од МОН). За 38 училишта со буџетски средства од МОН набавена е дополнителна опрема (персонални компјутери, монитори и преносни компјутери, опрема за презентација на настава, систем за ИТ податочна безбедност, 3Д скенери, печатари, скенери, проектори ...)
- Сукцесивно е намален бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици и бројот на ученици во комбинирана паралелка (за учениците од прво до седмо одделение).
- Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО и Здружението Асоцијација на советници за развој кариера - АСК од Скопје врз основа на кој спроведени се обуки за кариерните советници во основните и средните училишта.
- Развиена е е-платформа на Водичот за квалификации кој ќе им помогне на учениците од основно образование за професионален и кариерен развој
- Завршена е изградбата на нов училишен објект во с.Баница, Чашка, доградбата на ООУ "Св. Кирил и Методиј" с. Кучевиште - Чучер Сандево, доградбата на ОУ „Александар Урдаревски“, Чучер Сандево и доградба на ООУ Санде Штерјоски, Кичево.
- Во тек е изградба/доградба на четири училишта (ООУ Рилиндја во с. Селце, Тетово, ООУ Ацо Шопов, Радишани, Бутел, ООУ „Гоце Делчев“ во село Еднокуќево, Општина Босилово и ОУ „Димче Ангелов Габерот“, Демир Капија) и изградба на четири училишни спортски сали.
- Завршена е реконструкција на 28 основни училишта, а во тек е реконструкција на 20 училишта.
- Изработена е Физибилити студијата за транзиција кон едносменско работење на основните училишта. Врз основа на Физибилити студијата за воведување на едносменска настава, спроведена е постапка за изработка на техничка документација и ревизија на документација за надградба/доградба на пет училишта
- Одобрен е заем од Банка за развој при Совет на Европа за изградба на нови училишни спортски сали во основните и средните училишта, во вредност од 20 милиони евра
- Извештајот со резултатите и препораки од Државното тестирање кое се спроведе во месец јуни 2024, за учениците во петто одделение за математика и мајчин јазик (македонски и албански јазик). е промовиран на 15 декември 2025 година. Се спроведе претестирањето за третто одделение.
- По однос на меѓународните тестирања, во месец октомври објавени се резултатите од TALIS 2024. Детален извештај ќе биде објавен во 2026г. На 9.12.2025 објавени се резултатите од лонгитудинална ТИМСС студија. Детален извештај ќе биде објавен во 2026г. Од страна на ДИЦ започнаа подготвителни активности за двете меѓумародни тестирања TIMSS 2027 и ICCS 2027.
- Донесен е нов Закон за учебници во основното и средното образование, објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г., и донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од законот
- Донесена е Концепција за изработка на учебници (утврдена со решение од министерката од 16.1.2025г.) и истата е објавена на веб страната на МОН и доставена до сите издавачки куќи
- На 45-та седница на Владата, одржана на 21.1.2025 донесена е Уредбата за утврдување на каталошка цена на учебник (согласно новиот Закон за учебници)
- Од страна на МОН донесена е Методологија за вреднување на учебници, изработена на предлог на БРО и ЦРСО, со бр.18-5577/1 од 10.4.2025г.

- Започнати и во тек се постапки за нови учебници, согласно наставните програми за седмо одделение, за уебници за јазик и култура на заедниците (кои недостасуваа) и за странски јазици од прво до деветто одделение.
- Изработена е платформа за дигитални учебници.
- Уредбата за финансирање на основното образование (нова формула) е разгледана на седница на Комисијата за финансирање на единците на локална самоуправа и по истата е добиено позитивно мислење. Уредбата е усвоена од страна на Владата на 97-та седница, одржана на 29.7.2025г. Спроведени се обуки за вработените во МОН и за општинската админстрација за имплементација на новата формула за финансирање.
- Во однос на оптимизацијата на училишната мрежа, изработени се планови за оптимизација за уште 22 општини.
- Во месец февруари 2025 обезбедени се дополнителни согласности од МФ за образовни асистенти и истите се спроведени од страна на училиштата со ресурсни центри. Во учебната 2024/2025 година ангажирани се 1186 образовни асистенти. Со ребалансот на буџетот (јули 2025) обезбедени се средства за дополнителни 160 образовни асистенти за учебната 2025/2026.
- Донесен е нов Правилник за норматив за образовниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи, за основно образование бр.12-7278/2 од 10.6.2025г.
- Донесен е нов Правилник за начинот на побарување на образовен асистент, начинот на селекција и избор на образовен асистент, како и програмата за обука на образовен асистент (за основно образование), објавен во Сл.весник бр.1422025 од 15.7.2025
- МОН спроведе неколку постапки согласно ЗЈН за реконструкција на училишта во насока на подобрување на условите и пристапноста за учениците со попреченост.
- На 67-та седница на Владата одржана на 15.4.2025 усвоена е Одлуката за преземање на основачките права и обврски над основното училиште за возрасни „Антон Семјонович Макаренко“ Скопје.
- Законот за изменување и дополнување  на Законот за основното образование (во кој е доуредена постаката за остварување на основно образование во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови)  е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г.
- Врз основа на Законот, на предлог на БРО донесен е Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравственит установи, казнено-поправни и воспитно – поправни установи, како и во домашни услови бр. 18-9120/1 од 30.6.2025г.
- Спроведени се обуки за наставниците на тема „Развој на вештини за работа со ученици кои се на лекување во здравствени установи и домашни услови, развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците и создавање на позитивна социо – емоционална клима на час”.
- Склучен е Меморандум за соработка помеѓу МОН, Коалиција на младински организации Сега и Детска фондација Песталоци за реализација на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во 26 основни и 24 средни училишта. Една од целите на проектот е да се зајакнат капацитети на основните и средните училишта за превенција и справување со насилство.
- Образовните медијатори (40) ангажирани од МОН, работеа на терен во 28 општини во насока на информирање и поддршка на семесјтвата и родителите/старателите за упис на ученици Роми во прво одделение.

- Изработена е Програма за обука на наставниците за препознавање и интервенции во случај на рано напуштање на образованието, која се пилотира во три училишта (Штип, Битола и Прилеп). Дополнително во соработка со НВО се работи и со родителите/старателите на учениците.
- Донесен е нов Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница бр.18-13736/1 од 28.10.2025г.
- Врз основа на измените на Законот за основно образование со кои средствата за активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција кои ги доделува МОН се зголемени од „30.000 денари" на „две просечни нето-плати исплатени по работник во Републиката во претходната година", донесено е Решение бр.18-13862/1 од 30.10.2025 од министерката за образование и наука за висина на грант од 60.000 мкд. На 31.10.2025 Јавниот повик за доделување на средства е објавен на веб страната на МОН.
- Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование (Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г.). се уредува дека по исклучок, за ученици припадници на бошњачка, турска, српска, ромска и влашка заедница, може да се формира и група помала од 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки, заради изучување на јазикот и културата на заедницата.
- Донесен е Правилник за начинот на формирањето на групи за ученици припадници на бошњачка, турска, српска, ромска и влашка заедница, помала од 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки, заради изучување на јазикот и културата на заедницата бр.. бр 18-13407/1 од 17.10.2025
- Одобрени се нови учебници за предметите. Јазик и култура на Србите за 4 одделение, а започнати и во тек се постапките за одобрување на учебници Јазик и култура на Србите за 3, 5, 6, 7, Јазик и култура на Турците за 4, 5, 6, 7, 8 и 9, Јазик и култура на Ромите за 6 и 7 одделение.
- Одобрени се нови учебници согласно новите наставни програми за седмо одделение за предметите босански, српски и турски јазик, а објавен е конкурс за нови учебници за осмо одделение.
- Спроведени се Јавниот повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар во текот на 2025 година од областа на математиката, информатиката и природните науки, Јавниот повик за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта и Јавниот повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот.
- Во постапката за аплицирање за парична награда за освоени медали на меѓународни научни олимпијади и на награди и медали на меѓународни натпревари од областа на математиката, информатиката и природните науки, за прв пат услугите се дигитализирани односно не се доставуваат хартиени документи во Министерството, туку електронска Пријава преку http://e-uslugi.mon.gov.mk.
- Континуирано се доделуваа парични награди за ученици (и нивните ментори) од основно образование кои освоиле прво место на државен ученички натпревар.
- Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)

- Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)
- Подготвен е Закон за изменувања и дополнувања на Законот за БРО (вклучително и делот за акредитација и реализација на обуки за наставници и стручни соработници) кој е објавен на ЕНЕР за консултација со јавноста
- Завршено е истражувањето (прашалникот доставен до сите наставници во основно образование) за утврдување на дигиталните вештини кај наставниците, врз основа на кое ќебидат креирани посебни обуки за наставниците.
- Во соработка со Универзитетот Гоце Делчев изработен е Водич за вештачка интелигенција (наменет за наставниците и учениците). Водичот претставува основа за запознавање со вештачката интелигенција, принципите на работа на алатките базирани на вештачка интелигенција и можностите за нивна примена. Водичот е јавно промовиран на 5.9.2025 и доставен до сите училишта.
- На 30.10.2025 МОН и Центарот за трансфер на технологии и иновации ИНОФЕИТ при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје потпишаа меморандум за соработка кој предвидува искористување на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови за организирање на обуки за наставникот кадар, како и работилници за развој и примена на иновации во образованието со фокус на генеративната вештачка интелигенција. Согласно Меморандумот над 700 наставника беа обучени по 6 часа обука во 4 групи. Наставниците се стекнаа со сертификат. Материјалите од обуките се споделени со сите училишта во насока на каскадно обучување на што поголем број на наставници.
- Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со кој се доуредува постапката за кариерен развој на стручните соработници е објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г. Врз основа на измените, на предлог на БРО донесен е Правилник за начинот на следење и вреднување на работата на стручните соработници бр. 18-9043/1 од 27.6.2025 г
- На 86-та седница на Владата одржана на 24.6.2025г. усвоена е Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во основните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, наставник-советник и стручен соработник-ментор. (Службен весник бр.129/2025)
- Донесен е нов Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите и Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисијата, со кои се продолжени роковите за пријавување на наставниците и стручните соработници од 15 на 60 дена (имајќи предвид дека е летен распуст и на настаниците/ стручните соработници им е потребен подолг рок за пријавување), објавени во Службен весник на РСМ бр.148 од 23.7.2025г.
- Повиците за кариерен развој се објавени на веб страната на МОН на 28.7.2025г.
- На 16.3.2025 Министерството за образование и наука во соработка со УНИЦЕФ, Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје и Комората на психолози до сите училишта доставија насоки за училиштата, наставниците и родителите за давање на психосоцијална поддршка на учениците по трагичниот настан во Кочани. Дополнително обезбедена е зајакната психолошка поддршка за

сите училишта (ученици и наставници) во Кочани, Штип, Чешиново-Облешево и околните места од преку 130 психолози, за кои на 21.3.2025 беше обезбедена посебна обука од страна на Комората на психолози.

- Спроведен е Конкурсот и доделени се стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници
- Програмата за основна обука на директори континуирано и тековно се спроведуваше.
- На 11.4.2025г. објавен е Јавен повик за пријавување на директори на училишта за следење напредна обука за 2025 година.
- Од страна на училиштата се спроведуваа активностите согласно доделените грантови за финансирање активности од развојните програми на јавните основни училишта (врз основа на спроведена самоевалуација и изготвена развојна програма).
- Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор, во кој се вклучени новите индикатори за следење на основните училишта (усогласени со системот на самоевалуација и развојно планирање) е усвоен и објавен во Службен весник бр.87 од 29.4.2025г.

**ПРОГРАМА 2: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование е усвоен од страна на Собранието на 8.04.2025г. и објавен во Службен весник бр.78/2025 од 11.04.2025г.  Донсени се подзаконските акти согласно измената на Законот,.
- Усвоена е нова Концепцијата за испити на крајот на средното образование бр.13-12804/3 од 10.10.2025
- Изработена е предлог Концепција за средно образование и истата на 16.1.2025г. е објавена за јавна расправа на веб страните на БРО и МОН. Изработен е предлог документ национална рамка на клучните компетенции за учениците во средното обраование, како составен дел на Концепцијата за средно образование
- Од страна на МОН на 3.4.2025г. донесени се нови наставни програми за прва година средно гимназиско образование кои започнаа да се применуваат од учебната 2025/2026 година. Изработени и одобрени се нови учебници за прва година согласно новите наставни програми
- Донесени се нови наставни програми за втора година средно гимназиско образование кои ќе се применуваат од учебната 2026/2027 година. Започнати се постапки за одобрување на нови учебници за втора година согласно новите наставни програми
- Од 1 септември 2025, во сите училишта воведен е новиот ЕМИС.
- Во соработка со Универзитетот Гоце Делчев изработен е Водич за вештачка интелигенција (наменет за наставниците и учениците).
- Донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во 2025 („Службен весник" бр.8/25 од 14.1.2025)
- Во тек е изградба на нов училишен објект СОУ „Сами Фрашери", Куманово. Завршена е реконструкција на пет училишта (СОУ „Ѓорѓи Наумов" Битола,  ДУ РЦСОО Моша Пијаде, Тетово, ДМБУЦ "Илија Николовски - Луј", Скопје, СДУ „Славчо Стојменски" Штип и ДУ РЦСОО Ванчо Питошески Охрид) а во тек е реконструкција на 3 средни училишта (ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски",Охрид, СОУ „Кочо Рацин",Свети Николе и ДМУЦ „Сергеј Михајлов", Штип)
- Завршена е постапката за набавка на ИТ опрема за потребите на регионалниот центар: РЦСОО „Моша Пијаде" – Тетово, и истата е доставена и монтирана во училиштето.

- Во текот на месеците април и мај, Државен испитен центар го спроведе ПИСА тестирањето 2025. МОН и ДИЦ дадоа позитивно мислење до ОЕЦД за учество во ПИСА тестирањето 2029
- Отворена е нова буџетска програма 37 за инклузивно средно образование и обезбедени се за прв пат средства за образовни асистенти за средно образование за учебната 2025/2026. Поднесени се барањата за 150 согласности до МФ и истите се оодбрени на 30.7.2025
- Донесен е Правилник за начинот на побарување на образовна асистенција и начинот на селекција и избор на образовен асистент, како и програмата за обука на образовен асистент за средно образование со бр. 13-3853/5 од 10.6.2025; Правилник за норматив за образовниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи, за средно образование бр. 13-3853/6 од 16.6.2025 и измена на Правилник со бр. 13-11684/1 од 29.8.2025г. Правилник за начинот на работењето на инклузивниот тим за ученикот бр.13-12409/1 од 22.9.2025 и Правилник за оценувањето на учениците кои работат по индивидуален образовен план и модифицирана програма за средно образование бр.18-13406/1 од 17.10.2025 (Сл.весник бр.216/25 од 21.10.2025)
- Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование, државите училишта за ученици со попреченост продолжуваат со работа како државни средни училишта со ресурсен центар, од учебната 2025/2026 година. Врз основа на законските одредби одобрени се статутите на ДСУ„Димитар Влахов", ДСУ Искра, ДСУ „Наум Охридски" и ДСУ „Партение Зографски", со што овие четири училишта се трансформираа во училиште со ресурсен центар., почнувајќи од 1 септември.
- Донесено е и Решение за реонизација на училиштата со ресурсни центри и редовните средни училишта
- Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот од средното образование, Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата и Јавен повик за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците по одделни предмети во средното образование.
- Во постапката за аплицирање за парична награда за освоени медали на меѓународни научни олимпијади и на награди и медали на меѓународни натпревари од областа на математиката, информатиката и природните науки, за прв пат услугите се дигитализирани односно не се доставуваат хартиени документи во Министерството, туку електронска пријава преку http://e-uslugi.mon.gov.mk.
- Со Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025) за прв пат е уреден основот за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на меѓународен натпревар на ученици од средно образование и основот со кој на акредитирано здружение на наставници, кое е организатор на меѓународна олимпијада која се одржува во Република Северна Македонија, Министерството може да му додели средства за трошоците за организирање на меѓународната олимпијада, по поднесено барање до Министерството.
- Врз основа на измените на Законот донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на една меѓународна научна олимпијада (Сл.весник бр.96/2025 од 14.5.2025)
- На 15.5.2025 на веб страната на МОН објавен е Јавен повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на една од 15 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad) во текот на 2025 година, со рок на пријавување (електронски) до 31.10.2025г.

- Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025) ставен е основ за изработка и донесување на Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Од страна на БРО изработено е предлог Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.
- Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025) внесена е одредба за ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани и за ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми.
- Донесен е нов Закон за учебници во основното и средното образование, објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г., и донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од законот
- Донесена е Концепција за изработка на учебници (утврдена со решение од министерката од 16.1.2025г.) и истата е објавена на веб страната на МОН и доставена до сите извадачки куќи
- На 45-та седница на Владата, одржана на 21.1.2025 донесена е Уредбата за утврдување на каталошка цена на учебник (согласно новиот Закон за учебници)
- Од страна на МОН донесена е Методологија за вреднување на учебници, изработена на предлог на БРО и ЦРСО, со бр.18-5577/1 од 10.4.2025г.
- За прв пат кариерното советување е уредено во Законот за изменување и дополнување на Закон за средното образование (Службен всник бр.78/2025 од 11.04.2025г.
- Врз основа на законските измени, донесен е Правилник за начинот на кариерно советување и избор на кариерен советник на учениците бр.13-3853/4 од 10.6.2025г. (објавен на веб страната на МОН и доставен до сите средни учиишта со насоки за определување на кариерен советник на ниво на училиште).
- Од страна на БРО донесено е Упатство бр.02-1402/2 од 6.11.2025 за работа на кариерните советници во јавните средни училишта (објавено на веб страната на МОН и доставено до сите училишта). Од страна на кариерните советници изработени се програми за работа.
- Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МОН, БРО и Здружението Асоцијација на советници за развој кариера - АСК од Скопје и спроведена е обука за кариерните советници. Врз основа на Меморандумот во месец ноември (13 и 14.11 за првата гхрупа и 17 и 18.11 за втората група) се спроведоа обуки за кариерните советници.
- Во месец октомври се реализираше обуката од БРО преку провајдер за спроведување на обуката/приоритена програма за стручните соработници во средно образование на тема: „Зајакнување на вештини за советување и кариерна ориентација кај учениците“. Со обуката се опфатени 460 стручни соработници и кариерни советници.
- Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)
- Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници за 2025 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.31/2025 од 13.2.2025г.)
- Акредиитрани се програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар во средно образование, за две приоритетни програми за наставници: „Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава” и

„Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобални еколошки предизвици"  и една приоритетна програма за стручни соработници: „Зајакнување на вештини за советување и кариерна ориентација кај учениците".

- На 86-та седница на Владата одржана на 24.6.2025г. усвоена е Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во средните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор и стручен соработник-ментор. (Службен весник бр.129/2025)
- Донесени се Правилник за начинот на следење и вреднување на работата на наставниците во средните училишта и Правилник за начинот на следење и вреднување на работата на стручните соработници во средните училишта.
- Донесен е нов Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите и Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисијата, со кои се продолжени роковите за пријавување на наставниците и стручните соработници од 15 на 60 дена (имајќи предвид дека е летен распуст и на настаниците/ стручните соработници им е потребен подолг рок за пријавување), објавени во Службен весник на РСМ бр.148 од 23.7.2025г.
- Повиците за кариерен развој се објавени на веб страната на МОН на 28.7.2025г.
- Уредбата за финансирање на средното образование (нова формула) е разгледана на седница на Комисијата за финансирање на единците на локална самоуправа и по истата е добиено позитивно мислење. Уредбата е усвоена од страна на Владата на 97-та седница, одржана на 29.7.2025г.
- Донесен нов Законот за стручно образование и обука, објавен во Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025г. и подзаконските акти
- Донесена е Концепција за стручно образование (со Решение на министерката за образование и наука бр. 13-7244/4 од 27.5.2025г.)
- Со Решение на министерката бр.13-7224/5 од 27.5.2025 донесен е модел на наставна програма за стручно обраозвание.
- Донесен е Правилник за начинот на распределба на средствата на Државните средни училишта - регионални центри за стручно образование и обука и Правилник за начинот на распределба на средствата од сопствените приходи во државно средно училиште регионален центар за стручно образование и обука.
- Спроведена е обука за 75 ментори од јавни и научни установи за водење на учениците на практично образование (учење преку работа и феријална практика).
- Локалните самоуправи и коморите го спроведоа социјалниот дијалог „Учи паметно, работи стручно" за утврдување на реалните потреби за стручни профили во средните стручни училишта за учебната 2025/2026 година.
- Конкурсот за упис на ученици е објавен на 28.3.2025г.  Од страна на училиштата се спроведувани промотивни активности согласно утврдените квоти за упис на ученици. Во учебната 2025/2026 (први два уписни рока) во прва година средно стручно образование се запишаа 11.859 а од нив 3638 ученици во 211 дуални паралелки. Оваа учебна година 72% проценти од учениците одбраа стручно образование, споредено со гимназиското.
- Завршена е реконструкција на ДУ РЦСОО Моша Пијаде, Тетово и ДУ РЦСОО Ванчо Питошески Охрид)

- Завршена е постапката за набавка на ИТ опрема за потребите на регионалниот центар: РЦСОО „Моша Пијаде“ – Тетово и истата е доставена и монтирана во регионалниот центар. Спроведена е постапка за набавка на стручна опрема (донесена е одлука за избор на 21.8.2025)
- Завршена е целосно постапката за набавка транспорт и монтажа на разновидна опрема (согласно квалификациите/ струките на училиштето) за потребите на РЦСО Киро Бурназ, Куманово. Опремата е доставена и монтирана во училиштето.
- Завршена е целосно постапката за набавка, транспорт и монтажа на електромеханичка опрема за потребите на РЦСОО Моша Пијаде Тетово, опремата е испорачана и монтирана во училиштето.
- Завршена е целосно постапката за набавка на училишен мебел за потребите на регионалниот центар: РЦСОО „Моша Пијаде“ – Тетово и истиот е доставен во училиштето.
- Завршена е целосно постапката за набавка транспорт и монтажа на угостителска опрема за потребите на РЦСО Ванчо Питошески, Охрид (реобјава). Опремата е доставена и монтирана во училиштето.
- Завршена е постапката по Огласот за избор на економски оператор/изведувач на проектната документација/ проекти за реконструкција на четири регионални центри.
- Спроведени се неколку постапки за одобрување на учебници за средно стручно образование.
- На 9.1.2025 на страната на Национална агенција објавена е распределба на Еразмус+ буџет по полиња и клучни акции за 2025 година.
- На 25.9.2025 на веб страната на Националната агенција објавена е брошура за документот Европас мобилност направена од страна на вработените лица во Европас центарот при Националната агенција за европски образовни програми и мобилност
- Спроведен е Конкурсот за упис во ученички домови
- Започната е постапка за одобрување на дополнителен заем од Германската развојна банка (KfW) во кој ќе биде вклучена и реконструкција на ученичките домови.
- Одлуката за доделување на ученички стипендии за учебната 2025/2026 година е усвоена од страна на Владата на 90-та седница одржана на 8.7.2025г. (објавена во Службен весник бр.140 од 11.7.2025).
- Конкурсите за сите видови на ученички стипендии се објавени на 30.7.2025г. Резултатите се објавени на веб страната на МОН. Учениците ги добија решенијата и исплатени се за месеците септември-декември 2025г.
- Од 1 до 30 септември течеше рокот за продолжување на стипендијата за учениците кои се стекнале со стипендија во некоја од претходните учебни години. Оодбрените продолжени стипендисти се исплатени за месеците септември-декември 2025г.

**ПРОГРАМА 3: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Формирана е Работна група која работи на донесување на нов Закон за високото образование и законско решение за квалитет на високото образование

- Предлог Националната програма, во која се внесени забелешките од МОН, со потпис на министерката за образование и претседателката на Националниот совет за високо образование, согласно Законот за високото образование во месец март е доставена до Собранието за усвојување
- Направена е измена на Правилникот за надворешна евалуација во одредбите кои се однесуваат на условите за надворешни евалуатори (правилникот се носи од страна на Националниот совет во согласност со министерот за образование)
- Одборот за евалуација ја отпочна постапката за надворепна евалуација на високо-образовните установи. Избрани се шест високо-образовни установи. Од страна на Одборот формирани се стручни комисии
- На 27.5.2025 од страна на Агенцијата за квалитет објавен е Конкурс за избор на студенти и Конкурс за избор на странски експерти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми со рок на пријавување до 27.6.2025г.
- Законот за ратификација на Договорот за пристап до студии и прием на висообразовани установи во Западен Балкан е донесен од страна на Собранието (Службен весник бр.148/2025 од 23.7.2025г.)
- Изработен е Извештајот од спроведеното трејсер истражување за вработливоста на дипломираните студенти од академската 2022/2023 год.
- Врз основа на сеопфатната анализа на пазарот на труд утврдени се предлог квотите за упис за академската 2025/2026 година. Одлуката за утврдување на квотите за прв циклус е донесена од страна на Владата на 84-та седница одржана на 17.6.2025
- Од страна на интерната комисија на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност изготвена е предлог Уредба за финансирање на високо-образовните установи која е разгледана на седницата на Националната комисија одржана на 27.3.2025.
- Од страна на Собранието именуван е нов состав на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, кој ја одржа конститутивната седница на 22.12.2025г.
- Во тек е целосна и темелна реконструкцијата на студентскиот дом „Кузман Јосифовски – Питу“ во Скопје и реконструкцијата на СД „Стив Наумов” .
- Изработена е тендерската документација за ЛОТ2 (СД „Никола Карев” Охрид, СД „Томе Стефановски Сениќ” Скопје, СД „Браќа Миладиновци” Штип и СД „Орде Чопела” Прилеп). и ЛОТ3 (СД ,Кочо Рацин” Битола, СД „Пелагонија” Скопје и СД „Гоце Делчев” (кантина) Скопје).
- Во тек е постапката за одобрување на дополнителен заем од Германската развојна банка (KfW) во кој ќе биде вклучена и реконструкција на студентските домови од ЛОТ2 и ЛОТ3. Одобрен е грант од Германската развојна банка (KfW) во износ од 5.5 милиони евра, а поднесена е апликација за дополнителен грант.
- На 6.5.2025 потпишан е Меморандум за соработка помеѓу МОН, Службата за општи и заеднички работи на Владата, Ректорат на УКИМ и Градежен факултет за формирање на Работна група за отстранување на пречките и продолжување со изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство и Факултет за физичко образование, спорт и здравје. Формирана е Работна група која ја води Градежен факултет. Врз основа на извештајот на Работната група, а согласно одлуката на Владата распишана е јавна набавка.
- На барање на студентите изработени се измени на Законот на субвенциониран студентски оброк (усвоени од страна на Собранието на 42-та седница, одржана на 1.4.2025г.). со кои е уредено дека оброк можат да земаат и студенти кои се вработени но немаат приходи поголеми од

минималната плата., но и студентите запишани на постдипломски студии и на интегрирани студии на државните и приватните универзитети во државата.

- Врз основа на измените на Законот, донесен е Правилник за изменување на правилникот за формата и содржината на изјавата за точност на внесените податоци и за формата, содржината и образецот на пријавата за стекнување со право на субвенциониран студентски оброк (Службен весник бр.78/2025 од 11.4.2025)
- Јавниот повик за субвенциониран студентски оброк редовно се спроведуваше.
- Конкурсите за студентски стипендии за учебната 2025/2026 се целосно спроведени, а студентите се исплатени за месеците октомври-декември 2025г.

**ПРОГРАМА 4: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Донесен е нов Закон за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво, објавен во Службен весник бр.154 од 29.7.2025г.
- Од страна на Владата, усвоен е Извештај за имплементација на Стратегијата за паметна специјализација односно на Акцискиот план за 2024. Реализирани се 54% од активностите предвидени со АП 2024-2025, заклучно со 2024 година, со што активностите се спроведуваат со утврдената динамика.
- Во периодот 11-13 јуни 2025 во Скопје се одржа состанок/ работилница на Министерството за образование и наука (Машински факултет при УКИМ( и Здружениот истражувачки центар на Европската комисија (JRC) во рамки на договорот за соработка, со кој, Македонија доби дополнителна поддршка за имплементација на Стратегијата за паметна специјализација во форма на експертиза и размена на позитивни практики, методологии и научни пристапи за јакнење на националниот систем за истражување и иновации.
- На 71-та седница на Владата одржана на 29.4.2025 усвоена е Информација за „Конкурс за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен научен и јавен интерес за 2025 година (поддршка на соработката помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметната специјализација)“. На 18.7.2025 на веб страната на МОН објавена е ранг листа на прифатени научно-истражувачки проекти на државните универзитети - факултети/научни институти согласно Конкурсот. Одобрени се за финансирање пет проекти.
- Извршена е ревизија на Патоказот за научно истражувачка дејност и истиот ревидиран е донесен со решение на министерката за образование и наука и објавен на веб страната на МОН
- Изготвен е е-регистар за научни институти (пополнет). Завршено е тестирањето и Регистарот е јавно објавен на e-registar.mon.gov.mk
- Изработен е е-регистар на истражувачи. На 18.7.2025 на веб страната на МОН објавен е Јавен повик за регистрирање на истражувачи во електронскиот регистар, база на податоци за истражувачи во земјата и странство при МОН.
- Предлог Националната програма за научно-истражувачката дејност (потпишана од претседателката на Нациналниот совет и министерката за образование и наука) е доставена до Собранието на усвојување

- Спроведени се Конкурсот за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири за 2025 година, Конкурсот за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2025 година и Конкурсos за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2025 година
- Спроведен е Конкурсот за доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно - истражувачки труд за 2024 година (резултатите се објавени на веб страната на МОН на 30.6.2025, одобрени се 304 труда).
- Спроведен е Конкурсот за надомест на средствата платени за објавување на научни трудови во списанија со фактор на влијание, реферирани во базите на Web of Science или Scopus од наставниците и соработниците избрани на високообразовните/ научните установи во Република Северна Македонија, во 2025 година (резултатите се објавени на веб страната на МОН на 8.4.2025, одобрени се 10 труда).
- Доделена е наградата „Гоце Делчев“ во 2025 година, која се доделува за научна книга или дело објавено во 2024 година, во областа на науката.
- На 71-та седница на Владата, одржана на 29.4.2025г. усвоена е Информацијата за претплата на две реномирани бази на податоци: Web of Science и Scopus. На 77-та седница на Владата, одржана на 27.5.2025г. усвоена е Програма за измена на програма за научно-истражувачка дејност во која се уредни и претплатите на двете нови бази. Согласно ЗЈН спроведена е постапка за преговарање и склучени се договорите за пристап до двете нови бази. Продолжи пристапот и до базата ESCO
- На 24.4.2025 на веб страната на МОН објавен е Конкурс за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на Јавните научни установи за 2025 година. На 17.7.2025 објавена е Листата на осум одобрени/ прифатени проекти. На 30.7.2025 склучени се договорите со носителите на прифатените проекти
- На 24.4.2025 објавен е Конкурс за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети-факултети/научни институти/МАНУ за 2025 година. Вкупниот износ за финансирање на проект изнесува до 8.000.000 денари, за времетраење на проектот до 2 (две) години, сметајќи ја 2025 година за почетна односно прва година за реализација на проектот и 31 октомври 2026 година за краен рок за реализација на проектот. На 6.8.2025 објавена е Листата на одобрени/ прифатени проекти (10 проекти од области утврдени со Стратегијата за паметна специјализација, 15 проекти од подрачјето на природно-математички науки, инженерство и технологија, медицински и здравствени науки, земјоделски и ветеринарни науки, 15 проекти од подрачјето на општествени и хуманистички науки. На 7.8.2025 склучени се договорите со носителите на прифатените проекти
- Спроведени се Конкурсите за доделување стипендии за академски студии од вторт и трет циклус во странство за академската 2025/2026 година.
- Објавени се Конкурсите за доделување стипендии за академски студии од вторт и трет циклус во земјата за академската 2025/2026 година.
- На 9.12.2025 на веб страната на МОН објавени се за прв пат Конкурси за доделување стипендии на студиски програм по македонски јазик за академски студии од втор (седум стипендии) и трет циклус (пет стипендии) во земјата за академската 2025/2026 година, со рок на пријавување до 9.1.2026г.
- Континуирано се проследуваа повиците во рамки на Програмата „Хоризонт Европа“. Исплатена е членарината за 2025г. за учество во Програмата „Хоризонт Европа“

- Продолжија активностите на Меѓународен институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа. Во владина постапка е доставена Информација  за учество на Република Северна Македонија во активностите на проектот за изградба на SEEIIST на територијата на Република Северна Македонија, со цел донесување одлука за поднесување на апликација – кандидатура за добивање на локацијата за изградба на објект, за да стане држава - домаќин на SEEIIST.
- Претставниците од МОН, членови на Работната група за отворена наука во рамки на RSS, редовно учествуваа на состаноците на РГ.
- Редовно се одржуваа состаноци на Управниот одбор на EOSC на кој учествуваа претставниците номирани од МОН
- Заврши евалуацијата по однос на Јавниот повик за сите истражувачи од јавните универзитети и јавните научни установи кои се заинтересирани да учествуваат во Еврипските истражувачки акции (ERA) и донесено е Решение од министерката за образование и наука за номнинирање на истражувачи за учество на ЕРА акциите
- Во однос на билатералната соработка со Австрија, продолжија да се спроведуваат 17-те проекти за периодот 2024-2025
- На 11.11.2025 заврши пријавувањето по Конкурсот за финансирање на заеднички научно-истражувачки проекти помеѓу Република Македонија и Република Австрија за периодот  2026 - 2028 година (примени се 18 апликавции).  На 11.12.2026г. објавен е Јавниот оглас за избор на независни рецензенти кои ќе ги рецензираат научно-истражувачките проект, со рок на доставување на апликации до 28.12.2025г.
- На 12.5.2025г. објавен е Конкурс за стипендии за студиски престој во земјите членки на CEEPUS Програмата со рок на пријавуавње до 1.6.2025 (за зимскиот семестар во академската 2025/2026) и до 1.11.2025 (за летниот семестар во академската 2025/2026)
- На 8 мај 2025 година во Стопанската комора се одржа инфо настан за COST програмата, на кој присуствуваа претставници на повеќе компании во земјата.

**ПРОГРАМА 5: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Донесен е нов Закон за образование на возрасни (Службен весник бр.3/2025 од 3.1.2025)
- Усвоена е Стратегија за образовние на возрасни 2025-2030
- Врз основа на новиот Закон донесени се сите подзаконски акти:
- Од страна на УО на ЦОВ донесена е Одлука за висината на средствата за трошоците за верификација на посебната програмата на установата или институцијата за образование на возрасните со бр,02-356/4 од 6.10.2025 и дадена е согласност од МОН со бр.13-12983/2 од 9.10.2025
- На 3.10.2025г. на веб страната на ЦОВ објавен е Јавен повик за избор на стручни лица за членови на комисии за верификација на посебни програми за образование на возрасните и акредитација на установа/институција за образование на возрасните, со рок на пријавување до 31.12.2025г.

- На 30.10.2025 потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Центарот за образование на возрасни и Агенцијата за вработување. Оваа соработка е важен чекор кон јакнење на возрасните преку образовни програми и можности за интеграција на пазарот на трудот.

# 2. ПРОГРАМИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

## 2.1 ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Потпрограми:**

2.1.1 Зголемување на постигањата на учениците во основното образование
2.1.2 Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование
2.1.3 Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта
2.1.4 Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта

## 2.2 ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД

**Потпрограми:**

2.2.1 Зголемување на постигањата на учениците во средното образование
2.2.2 Реформа на средното стручно образование
2.2.3 Ученички стандард

## 2.3 ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД

**Потпрограми:**

2.3.1. Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование
2.3.2. Развивање на ефикасен систем на финансирање и управување на високото образование
2.3.3. Студентски стандард

## 2.4. ПРОГРАМА: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ

**Потпрограми:**

2.4.1 Ревизија на правната рамка за истражување и развој
2.4.2 Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност
2.4.3 Зголемено учество на Република Северна Македонија во регионални иницијативи и меѓународни програми за наука и истражување

## 2.5. ПРОГРАМА: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

### Потпрограми:

2.5.1 Развој на неформалното образование на возрасните
2.5.2 Формално образование на возрасни

## 2.6. ПРОГРАМА: СЛЕДЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ

### Потпрограма:

2.6.1 Спроведување на интегрални евалуации, редовни и контролни надзори од страна на Државниот просветен инспекторат

## ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ

## 2.1 ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

### А: Оправданост и дизајн на Програмата 2.1:

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата „Квалитетно и инклузивно основно образование" произлегува од Стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија„Сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици" содржан во Одлуката за изменување на Одлуката за стратешки приоритети за 2024-2028 година, односно приоритетната цел „Подобрување на квалитетот на образованието, развој на наставните планови и програми, наставните методи, учебниците, дигиталните содржини и ресурсите во насока на подобрување наставата и учењето" и приоритената цел „Развој на национална образовна и истражувачка ИКТ инфраструктура". |
| **НПАА**<br>3.26 Образование, култура, млади |

3.26.1 Образование

**Стратешките приоритети и цели на Министерството за образование и наука:**

**<u>Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал</u>**

- Подобрување на содржината на основното образование;
- Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во основното образование;
- Подобрување на условите за учење и постигнувањата на учениците;
- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта (иницијални и континуирани обуки);
- Зголемување на ефективноста на организирањето, финансирањето и управувањето со основното образование;
- Вложување и развој на дигитални вештини и критичко размислување;
- Понатамошно унапредување на воспоставениот систем на кариерен развој на наставниците и стручните соработници, врз принцип на заслуги и
- Унапредување на менталното здаравје, превенцијата и заштитата од насилство и дискриминација во образованиот систем.

**Цел на Програмата:**

- Обезбедување на квалитетно и инклузивно основно образование за сите
- Зголемување на опфатот на ученици

**Показатели за успех на Програмата:**

- Имплементирана е новата Концепција за основно образование;
- Донесени и имплементирани се нови наставни програми врз основа на националните стандарди за учениците за осмо и деветто одделение;
- Учениците во основното образование имаат квалитетни учебници, наставни и дидактички материјали како избор на применливи знаења коишто промовираат човекови права, почитување на различностите, еднаквост и демократски вредности;
- Воведен е нов модел за финансирање;
- Започнат е процесот на оптимизација на училишната мрежа;
- Развиен е дигитален образовен екосистем (унапредени се дигиталните системи, вклучително и системот за учење на далечина, набавена е опрема за училиштата, развиени се дигитални, интерактивни материјали за учење, унапредени се дигиталните вештини и компетенции на наставниците и учениците, вклучително и вештини и комптенции за употреба на генеративна вештачка интелигенција за подобрување на наставата...);
- Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите (фукционални инклузивни тимови, набавена асистивна технлогија, обезбедени образовни асистенти...);
- Училишните обврзници што се надвор од училиштата се идентификувани, вклучени и следени до завршување на задолжителното образование;
- Наставниците и стручните соработници ја добиваат поддршката којашто е неопходна за нивната секојдневна работа и се стекнале со

| | |
|---|---|
| компетенциите предвидени со професионалните стандарди;<br>- Континуирано се имплементира моделот за кариерен развој;<br>- Директорите на основните училишта ги исполнуваат барањата за професионални компетенции, со што се осигурува подобра средина за учење и култура, управување и раководење и<br>- Целосно се имплементира Правилникот за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. | |
| **Програмата е:** ✕ **хоризонтална** ☐ вертикална | |
| **Потпрограми (компоненти) на Програмата:** Квалитетно и инклузивно основно образование | |
| **Потпрограма 2.1.1:**<br>Зголемување на постигањата на учениците во основното образование | **Показател за успешност:**<br>- Имплементирана е ревидираната Концепција за основно образование;<br>- Донесени и имплементирани се нови наставни програми врз основа на националните стандарди за учениците за осмо и деветто одделение;<br>- Учениците во основното образование имаат квалитетни учебници како избор на применливи знаења коишто промовираат човекови права, почитување на различностите, еднаквост и демократски вредности;<br>- Воведен е новиот модел за финансирање;<br>- Започнат е процесот на оптимизација на училишната мрежа и<br>- Развиен е дигитален образовен екосистем (унапредени се дигиталните системи, вклучително и системот за учење на далечина, набавена е опрема за училиштата, развиени се дигитални, интерактивни материјали за учење, унапредени се дигиталните вештини и компетенции на наставниците и учениците,вклучително и вештини и комптенции за употреба на генеративна вештачка интелигенција за подобрување на наставата...); |
| **Потпрограма 2.1.2:**<br>Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование | **Показател за успешност:**<br>- Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите (фукционални инклузивни тимови, набавена асистивна технлогија, обезбедени образовни асистенти, обезбедени се образовни медијатори..);<br>- Училишните обврзници што се надвор од училиштата се идентификувани, вклучени и следени до завршување на задолжителното образование и<br>- Целосно се имплементира Правилникот за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. |
| **Потпрограма 2.1.3:** | **Показател за успешност:** |

| | |
|---|---|
| Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта | - Наставниците и стручните соработници ја добиваат поддршката којашто е неопходна за нивната секојдневна работа и се стекнале со компетенциите предвидени со професионалните стандарди и<br>- Континуирано се имплементира моделот за кариерен развој. |
| **Потпрограма 2.1.4:**<br>Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта | **Показател за успешност:**<br>- Директорите на основните училишта ги исполнуваат барањата за професионални компетенции, со што се осигурува подобра средина за учење и култура, управување и раководење. |

## Б: План за спроведување на Програмата: Квалитетно и инклузивно основно образование

**Потпрограма 2.1.1: Зголемување на постигањата на учениците во основното образование**

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | | | финансиски МКД | | |
| | | | | | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 |
| 2.1.1.1. Етапна примена на ревидираната Концепција за основно образование во осмо и деветто одделение | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието | Наставници, директори и стручни соработници од училиштата, родители/старатели, ученици, СОНК, општини | активноста е отпочната | 8/2028 | Вработени во МОН, БРО, училишта, општини | Вработени во МОН, БРО, училишта, општини | Вработени во МОН, БРО, училишта, општини | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 и Заем од Светска банка | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 и Заем од Светска банка | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 |
| 2.1.1.2 Усогласување на наставните програми со ревидираната концепција за основно образование и Националните стандарди за учениците во основно | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието | Стручна јавност | активноста е отпочната | 8/2028 | Вработени во БРО, комисии | Вработени во БРО, комисии | Вработени во БРО, комисии | Буџет на БРО | Буџет на БРО | Буџет на БРО |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| образование и обука за наставниците за новите наставни програми (сукцесивно) | | | | | | | | | | |
| 2.1.1.3. Континуирано одржување и надградување на дигиталните системи и системот за образование од далечина (надополнување на порталот Едуино, набавка на мрежна опрема за подобрување на мрежната инфраструктура, набавка на мрежна и дигитална опрема, употреба на прирачници за употреба на генеративна вештачка интелигенција во образовниот систем...) | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието | Министерство за дигитализација, ДПИ, ДИЦ, синдикат на наставници, наставен и ненаставен кадар во училиштата, стручната јавност, универзитетски професори, граѓански сектор, општини | активноста е отпочната | 12/2028 | Вработени во МОН и БРО, училишта | Вработени во МОН и БРО, училишта | Вработени во МОН и БРО, училишта | Буџет на МОН и БРО, Заме од Светска банка, донации | Буџет на МОН и БРО, Заме од Светска банка, донации | Буџет на МОН и БРО, Заме од Светска банка, донации |
| 2.1.1.4. Намалување на бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици, и намалување на бројот на ученици во комбинирана паралелка (сукцесивно) | Министерство за образование и наука, основни училишта, единици на локална самоуправа | Државен просветен инспекторат, Биро за развој на образованието | 9/2026 (за осмо одделение)<br><br>9/2027 (за деветто одделение) | 9/2027 | Вработување на нови наставници | Вработување на нови наставници | / | 4.224.000 | 4.224.000 | / |
| 2.1.1.5 Професионална ориентација на учениците од осмо и деветто | училишта, Министерство за образование и | Комора на психолози, стручна јавност, универзитетски професори, ЦРСО... | 1/2026 | 12/2028 | Наставници и стручни соработници од основните | Наставници и стручни соработници од | Наставници и стручни соработници од | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| одделение, врз основа на Програмата утврдена од министерот | наука, Биро за развој на образованието | | | | училишта | основните училишта | основните училишта | Програма А, Потпрограма А2 | Програма А, Потпрограма А2 | Програма А, Потпрограма А2 |
| 2.1.1.6 Етапно воведување на настава во една смена и продолжен престој, инвестирање во инфраструктура во основните училишта (реконструкција на основни училишта, изградба на нови основни училишта, изградба/реконструкција на училишни спортски сали, подобрување на инфраструктурните услови за пристап на ученици со попреченост) | Министерство за образование и наука, единиците на локалната самоуправа, училишта | Влада на Република Северна Македонија, Министерство за финансии | 1/2026 | 12/2028 | Вработени во МОН и ЕЛС | Вработени во МОН и ЕЛС | Вработени во МОН и ЕЛС | Буџетска програма Т, Потпрограми ТА , ТБ и ТВ и Заем од Светска банка, Програма АА | Буџетска програма Т, Потпрограми ТА , ТБ и ТВ и Заем од Светска банка, Програма АА | Буџетска програма Т, Потпрограми ТА , ТБ и ТВ и Заем од Светска банка, Програма АА |
| 2.1.1.7 Имплементација на Концепцијата за државно тестирање | Министерство за образование и наука - Државен испитен центар | БРО, ДПИ, наставен и ненаставен кадар во училиштата, ученици | 1/2026 | 12/2028 | Вработени во ДИЦ | Вработени во ДИЦ | Вработени во ДИЦ | Буџет на ДИЦ и Заем од Светска банка | Буџет на ДИЦ и Заем од Светска банка | Буџет на ДИЦ и Заем од Светска банка |
| 2.1.1.8. Подготовка и учество во меѓународни тестирања (TIMSS 2027, PIRLS 2026) | Државен испитен центар | МОН, БРО | 1/2026 | 12/2028 | Вработени во ДИЦ | Вработени во ДИЦ | Вработени во ДИЦ | Буџет на ДИЦ | Буџет на ДИЦ | Буџет на ДИЦ |
| 2.1.1.9 Унапредување на квалитетот на учебниците, наставните и дидактички материјали, изработка на дополнителен | Министерство за образование и наука- Педагошка служба, | Наставници, стручна јавност, Бирото за развој на образованието, Национална комисија за учебници | 1/2026 | 12/2028 | Вработени во МОН и Педагошка служба | Вработени во МОН и Педагошка служба | Вработени во МОН и Педагошка служба | Буџетска програма 2, Потпрограма 21 | Буџетска програма 2, Потпрограма 21 | Буџетска програма 2, Потпрограма 21 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| дигитализиран наставен материјал со интерактивни содржини, аудиосодржини и гејмифицирани програми...) | | | | | | | | | | |
| 2.1.1.10 Ревизија/ оптимизација на мрежата на основни училишта и имплементација на новата формула за финансирање на основните училишта (зајакнување на капацитетите на општините) | Министерство за образование и наука/ единиците на локална самоуправа | ЗЕЛС, Комисија за финансирање на единиците на локална сампуправа/ Министерство за локална самоуправа, ДПИ, МФ, училишта, синдикат за образование, Уницеф, Светска банка | активноста е отпочната | 12/2028 | МОН /општини | МОН /општини | МОН /општини | Буџетска програма А, Потпрограма А2/ Заем од Светска банка | Буџетска програма А, Потпрограма А2 | Буџетска програма А, Потпрограма А2 |
| Вкупно активности во 2026 година: 10 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во 2027 година: 10 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во 2028 година: 9 | | | | | | | | | | |
| **Вкупно за потпрограма 2.1.1 : 29** | | | | | | | | | | |

**Потпрограма 2.1.2: Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование**

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | | | финансиски МКД | | |
| | | | | | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 |
| 2.1.2.1 Обезбедување на сеопфатен систем за поддршка за инклузивно | Министерство за образование и наука, Биро за | ДПИ, наставен и ненаставен кадар во училиштата, ученици, | Активноста е отпочната | 12/2028 | училишта | училишта | училишта | Буџетска програма 2, Потпрограма 26 | Буџетска програма 2, Потпрограма 26 | Буџетска програма 2, Потпрограма 26 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| образование на учениците со попреченост (ангажирање на образовни асистенти преку основните училишта со ресурсни центри, формирање на училиштен инклузивен тим, инклузивен тим за секој ученик, развивање на, ИОП/модифицирана програма, асистивна технологија, основање центри за поддшка...) | развој на образованието/ основни училишта со ресурсен центар/ единици на локална самоуправа | граѓански сектор, меѓународни организации, НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, МТСП, Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори... | | | | | | | |
| 2.1.2.2 Пристап до образование на деца кои не биле вклучени во настава (ученици со надмината возрасна граница, ученици од маргинализирани средини, ученици Роми..) намалување на осипувањето, туторска поддршка.. | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, МПС-Управата, единици на локалната самоуправа, училишта | Родители/старатели, граѓански и меѓународни организации | Активноста е отпочната | 12/2028 | Вработени во МОН, БРО, УРУОЈПЗ и училишта | Вработени во МОН, БРО, УРУОЈПЗ и училишта | Вработени во МОН, БРО, УРУОЈПЗ и училишта | Буџетска програма 2, Потпрограм а 20, Програма А, Потпрограм а А2 и Програма 11 | Буџетска програма 2, Потпрогра ма 20, Програма А, Потпрогра ма А2 и Програма 11 | Буџетска програма 2, Потпрогра ма 20, Програма А, Потпрогра ма А2 и Програма 11 |
| 2.1.2.3 Имплементација на системот за остварување на основно образование и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи (донесување | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, единици на локалната | МЗ, МП, Управата за извршување на санкции | Активноста е отпочната | 12/2027 | Вработени во МОН, БРО, училишта | Вработени во МОН, БРО, училишта | / | Буџетска програма 2, Потпрограм а 20, Програма А, Потпрограм а А2 | Буџетска програма 2, Потпрогра ма 20, Програма А, Потпрогра ма А2 | / |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| наставни програми) и во домашни услови | самоуправа, училишта | | | | | | | | | |
| 2.1.2.4 Планирање и организирање активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција (согласно ЗОО, стандардите за интеркултурно образование и Упатството за заеднички наставни часови) | единици на локалната самоуправа, училишта | МОН, БРО, граѓански и меѓународни организации | 9/2026 | 9/2028 | Комисија во МОН/ училишта | Комисија во МОН/ училишта | Комисија во МОН/ училишта | Буџетска програма 2, Потпрограм а 20, Програма А, Потпрограм а А2 и програма 13 | Буџетска програма 2, Потпрогра ма 20, Програма А, Потпрогра ма А2 и Програма 13 | Буџетска програма 2, Потпрогра ма 20, Програма А, Потпрогра ма А2 и Програма 13 |
| 2.1.2.5. Имплементација на Правилиникот за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување (спроведена обука за училиштата-директори, наставници и стручни соработници, водење на евиденција на насилство од страна на училиштата преку креирање на единствена | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, единици на локалната самоуправа, училишта | граѓански и меѓународни организации | 1/2026 | 12/2028 | Вработени во МОН, БРО, училишта | Вработени во МОН, БРО, училишта | Вработени во МОН, БРО, училишта | / | / | / |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| методологија и систем за прибирање податоци за насилство во училиштата, изработка на план за заштита на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот, зајакнување на капацитети на ДПИ за постапување во случаи на пријавено насилство и дискриминација.... | | | | | | | | | | |
| 2.1.2.6 Реализација на изборен предмет јазик и култура на Ромите, Бошњаците, Србите, Турците и Власите | Министерство за образование и наука и БРО | општини, наставници, Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците | 9/2026 | 9/2028 | Вработени во МОН и УРУОЈПЗ | Вработени во МОН и УРУОЈПЗ | Вработени во МОН и УРУОЈПЗ | Буџетска програма 2, Потпрограм а 20 и Програма 11 | Буџетска програма 2, Потпрогра ма 20 и Програма 11 | Буџетска програма 2, Потпрогра ма 20 и Програма 11 |
